**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**Од Четвртото продолжение на Дванаесеттата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 16 ноември 2006 година**

Седницата се одржа во салата за седници на Собраниеот на Република Македонија, со почеток во 11,00 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше господин Љубиша Георгиевски, претседател на Собранието на Република Македонија.

**Љубиша Георгиевски:** Ги молам пратениците да влезат во салата и да си ги завземат своите места.

Продолжуваме со работа по Дванаесеттата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Абдулјади Вејсели, Маријан Додовски, Љубчо Георгиевски, Ѓорѓи Оровчанец, Даут Реџепи, Фљора Кадри, Догани Бесим, Арбен Џафери, Мендух Тачи и Радмила Шекеринска ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

Ве молам да притиснеме на едно од копчињата на системот за гласање, за да го утврдиме бројот на присутните пратеници во салата.

Бидејки има повеќе од 61 потпишани, молам службите да достават точен број на присутни пратеници во салата.

(Службите го утврдуваат точниот број на присутни пратеници во салата).

Имаме кворум, но немаме во салата. 62 пратеници се потпишани.

Предлагам да почекаме малку.

Бидејки има претрес по амандмани, продолжуваме со работа.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот за изменување и дополнување на Буџетот на Република Македонија за 2006 година.

Отворам претрес по амандманот на Раздел 14001 Програма 3 Потпрограма 30 ставка 464 и на раздел 09002 Програма 2 Потпрограма 20 ставка 483 поднесен од пратениците Ацо Киров и Цветанка Иванова.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор претставникот на Владата.

**Трајко Славески:** Овој амандман не се прифаќа.

Само да објаснам, станува збор за барање за обезбедување средства за санирање на последиците од невремето што се случи на 23.06.2006 година во општините Босилево, Василево и Струмица.

Состојбата од правен и фактички аспект е како што следи: стариот Закон за елементарни непогоди, како што е познато, беше укинат од страна на Уставниот суд на Република Македонија.

Второ, согласно со Законот за заштита и спасување не се предвидени извори за финансирање на вакви операции , туку е предвидена само постапката.

Сакам да истакнам дека Владата на Република Македонија го разгледува ова прашање и ќе понуди предлог за решавање.

Имајќи го сето ова во вид, во оваа прилика не можеме да го прифатиме предложениот амандман.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Има збор Ацо Киров, повелете.

**Ацо Киров:** Благодарам претседателе.

Почитувани пратеници,

Овој амандман јас и колешката Цветанка Иванова го поднесовме со цел да може да се обезбедат некаде околу 60 милиони денари за општините Босилево, Василево и Струмица.

Имено, на 23.06.2006 година имаше големо невреме во овој регион, проследено со град и поројни дождови. Овие површини во одредени места беа 50-100% уништени. Јас, како тогашен претседател на Советот на општина Босилево со градоначалникот свикавме итна седница на Советот и во координација со месното население се формира општинска комисија за проценка на штети. Исто така и месна комисија од оштетените места, затоа што требаше да постои една доверба помеѓу општинската комисија за проценка на штети и месното население.

Оваа комисија со месното население, односно месните комисии, во рок од 20 дена излезе на терен и ги процени штетите. Изработи елаборат што го достави до Советот на општина Босилево. Советот на општина Босилево, а тоа го направи и Советот на општина Василево и Струмица, го усвоија овој елаборат и службите на општините го пропратија до надлежните служби на Министерството за финансии, на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, до Владата на Република Македонија и до другите институции.

Инаку, штетите беа огромни. Елаборатите во овие три општини беа со следниве цифри: во Струмица некаде околу 15 милиони, во Василево 60 милиони и најголеми штети имаше во општина Босилево од 161 милион денари, а ние со колешката цветанка иванова бараме да се обезбедат некаде околу 60 милиони денари средства што ќе овозможат земјоделците да ги надохнадат само потрошените, односно истрошените семенски материјали, гориво, репроматеријали, ѓубрива и т.н. Со овие средства што ги бараме не обезбедуваме целосна санација на штетите, туку барем во наредната 2007 година да им обезбедиме на овие луѓе да стартуваат во новата сезона, барем да им обезбедиме како што реков пред малку, во старт со семенски материјал ѓубриво и репроматеријали.

Инаку, невремето беше на 23 јуни. Овој период за земјоделците е кога беа ниту за напред, ниту за назад. Тоа е период кога овие култури, пиперките,

доматите и другите земјоделски култури беа во фаза на почетна берба. Бостанот беше 3-4 дена пред првата берба, а пиперките и доматите на неколку дена, односно некаде десет дена во фаза на берење. Значи штетите беа огромни. Според проценката на Општинската комисија за проценка на штети некаде околу 50%-100% во одредени населени места.

Министерот се изјасни дека Владата планира за наредната година, за овие штети нешто да превземе, па се надевам дека тоа и ќе го стори. Само ќе ја потсетам сегашната Влада и парламентарното мнозинство дека во 2004 година исто Струмичкиот регион и пошироко во Републиката беше зафатен со големо невреме. Тогаш во општина Босилево, зборувам само за мојата општина, беа обезбедени некаде околу 950 илјади евра за санирање на штетите во општина Босилево. Се андевам дека, како што рече министерот, Владата во наредниот период ќе преземе нешто околу санирање на овие штети за земјоделците во овие населени места на општина Босилево, Василево и Струмица. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Збор има Иванова Цветанка, повелете.

**Цветанка Иванова:** Благодарам господине претседателе.

Почитуван минситре,навистина, ние со колегата Ацо Киров се обидовме со овој амандман да обезбедиме или да ве убедиме да се обезбеди минимум средства не да се санира штетата што е настаната со невремето што го зафати овој наш регион, туку да создадеме минимум услови на земојделците да можат да го отпочнат годинешново производство.

Вие знаете, 23 јуни 2006 година беше кампања. Денот беше страшен кога се случи ова, затоа што целата Чанаклија, Гечирлија, Сарај, Петралинци, Хамзали беа тотално, на земјоделците им беа тотално уништени нивите што беа полни со род. Дел беа почнале да го собираат плодот, а дел само што не беа влегле во нивите. Нормално, бидејки тогаш беше кампања, како тогашни кандидати од изборна единица 4 не излеговме на лице место за да не се свати дека маката на луѓето ја користиме за предизборни цели. Затоа не отидовме на лице место.

Но, овде има колеги кои отидоа. Ја знаат, сигурно уште ја памтат таа страшна глетка, особено во селото Гечирлија каде што навистина немаше ништо на нивите. Практично, немаше ни лисја, а камо ли плодови за берење.

Тогаш знаевме и вие и ние дека Законот за спасување од кризи, да речеме, не регулирал начин, само постапка регулирал. Но, ветивме. Вие на терен, ние, бидјеки сметавме дека не треба да излегувмае на терен, на митинзите каде што одевме.

Да не должам многу, бидејки колегата Ацо Киров кажа што требаше да се каже, кажа и тоа дека 2,5 милиони евра 2004 година се исплатени по сите основи за слична ваква непогода што повторно го фати ова подрачје и само да кажам дека ве држам господине министре за збор дека навистина, само не знам кога би сакала да ми одговорите дали до крајот на оваа година ќе се заложите и ќе изнајдете начин да се ублажи оваа состојба, овие штети или тоа ќе биде во наредната година. Ако е во наредната година, тоа е доцна, затоа што во овој регион земјоделците се занимаваат со раноградинарски производи, а подготвителните работи почнуваат уште кон средината на декември месец.

Ако доволно го разбрав она што го кажавте во образложението на амандманот, за причините поради кои што нема да го прифатите овој амандман, е тоа дека Владата бара начин на кој што ќе го реши овој случај. Би сакала да ми одговорите, или да се потрудите ова да биде некаде во почетокот на декември, затоа што подоцна не ќе можат луѓето да обезбедат репроматеријали и средства да ја отпочнат новата реколта. Ви благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Силвана Бонева реплика или збор? (Збор)

Витанов Зоран реплика? (Збор)

Тогаш збор има господинот Хани Тахир. Повелете.

**Тахир Хани:** Почитувани пратеници,

Ја користам можноста да го подржам амандманот предложен од страна на пратеникот Ацо Киров и госпоѓата пратеник Цветанка Иванова од причина што навистина оваа зона во Република Македонија воглавном се занимава со земјоделство и мислам дека сите политички партии, во текот на изборната кампања, се соочувале со оваа проблематика. Така што и јас ја гледам оправданоста на тоа што Владата би требала да изнајде начин и можност да го пдоржи Предлог-амандманот од страна на овие двајца пратеници кои сакаат да им излезат во пресрет на жителите од оваа зона за нивната земјодлеска дејност.

До колку Владата им излезе во пресрет, пред се на жителите од оваа зона, тогаш ќе создаде услови ова население да ги санира е штети шо ги има претрпено во текот на оваа година и на начин да идната година тие бидат поподготвени и да видат подобра перспектива во развојот на земјоделството.

Затоа се согласувам со нив, сакам и другите пратеници да најдат разбирање за предложениот амандман и да излезат во пресрет и да му помогнат на ова население што воглавном се занимава со земјоделство. Мислам дека ќе можеме во идниот период повторно да име во овие зони и да го почувствуваме подоброто расположение на жителите на тие зони на тој начин што ќе создадеме подобар стандард на живеењето. Затоа што земјоделството не може да се развие до колку ние, во овој Парламент не најдеме за оправдано или пак Владата не најде за оправдано да им помогне и го субвенцира со финансиски средства, мислам на нивната активност.

Јас сакав само толку да кажам. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Збор има Силвана Бонева.

**Силвана Бонева:** Благодарам претседателе.

Почитувани колеги пратеници,

На 23 јуни оваа година се случи ижасно невреме во Струмичко, посебно во атарот на општините Босилево, Василево и дел од селата што велгуваат во општина Струмица.

Точно е тоа, како што кажа колешката Цветанка Иванова дека ги посетив јас и колегите пратеници кои се во Собраниеот на Република Македонија во моментов, неколку населени места и сакам да пренесам дека глетката беше ужасна. Земјата беше преорана. Не да беа уништени земјоделсктие култури, туку едноставно недостасуваше еден слој на плодното земјиште. Буквално не постоеше можност за било каква интервенција, луѓето нешто да направат, да спасат нешто од она што го имале посадено, затоа што едноставно на површината на земјата не постоеше ништо. Не само тоа , беа уништени многу домови. Луѓето не знаеја што да прават со тињето што беше влезено внатре во домовите. Ужасна глетка.

Ужасна глетка и катастрофа што ги снајде граѓаните на нашиот Струмичкиот регион и тоа не прв пат. Многу пати до сега. Токму затоа сакам да апелирам до новата Влада што, впрочем, само два месеци е Влада на Република Македонија, како што веднаш ги спроведе на дело своите предизборни ветувања за намалување на ДДВ-то од 18 на 5% за земјоделците, за репроматеријали и механизација, како што го одложи плаќањето на данокот од добивка од катастарска парцела за земјоделците уште за една година за да можат да се созема т и да можат земјоделците да ги почувствуваат благодетите што оваа Влада верувам дека направи за нив, за да може подостоинствено да живеат, така ќе преземе системски мерки за конечно да се намалат штетните последици од невремињата што ги зафаќаат не само Струмичкиот регион, туку сите региони во земјата.

Најпрво, многу сериозно треба да се води сметка за градобијните станици, што во голем дел од земјата воопшто и не функционираат. Тоа беше една од причините што и во Струмичко и во општината Босилево и во Василево и другите Струмички села беа огромни и штетни последиците од невремето, бидејки немаше испалено градобијни ракети. Нормално, кога не се води сметка во тој дел, дека штетите ќе бидат катастрофални од невремето.

Истовремено не само што треба да се води сметка за противградобијните станици, туку треба да се води сметка и за чистење на страничните канали. Тоа го ветивме на граѓаните на лице место и јас ве уверувам дека оваа Влада ќе го направи тоа бидејќи започна уште првиот ден кога дојде на власт да ги чисти каналите во подрачјата каде што многу често се случуваат поплави, не во моментот кога почнуваат поплавите туку уште во време кога воопшто нема навестување дека ќе има дождови. На тој начин ќе продолжи да работи Центарот за справување со кризи. Во струмичко споредните канали мора да се исчистат, мора да се прокопаат нови канали, за да не се случуваат вакви катастрофи како што ги снајдоа граѓаните на овие населени места. Ова се системски мерки кои ќе ги преземе оваа Влада.

Ја повикувам Владата под итно да се организира и да ги направи овие подготовки, во рамките на тоа треба да се направат и подготовки за создавање законски основ да може да се интервенира, овие проценки кои ги имаат направено локалните комисии, комисиите на општина Босилево и општина Василево, значи овие проценки да можат и да се реализираат.

На 4-ти мај 2005 година Уставниот суд на Репулбика Македонија донесе одлука со која се укина важењето на Законот за формирање на средства на солидарност на Социјалистичка Репулбика Македонија, бидејќи тој закон беше уште од 1974 година, па со измени во 1976, 1977, 1980, 1985 година, а според него знаеме дека сите собиравме солидарна помош за интервенирање, значи собирање една дневница од граѓаните на Репулбика Македонија, со која во 2004 година беа санирани огромните штетни последици од поплавите кои се случија во повеќе земјоделски краишта во Репулбика Македонија. Токму врз основа на овој закон се собираа солидарни дневници и овој закон за отстранување на последици од елементарни непогоди и за воведување “Недела на солидарноста” е укинат на 4.05.2005 година. Зошто го зборувам тоа? Заради тоа што со него остварувањето на уставното начело за заштита и солидарност во отстранување на опасност и општи опасности од елементарни непогоди, со кој се формираат средства на солидарност на Репулбика Македонија се укинува и едноставно според него и видовите на елементарни непогоди кои се кажани со овој закон, за кои треба да се користат средства на солидарност во Репулбика Македонија, условите и начинот на користење на тие средства што се регулираат, значи овој закон во кој се утврдени начинот и критериумите врз основа на кои ќе се врши исплата на солидарни средства е укинат. Сите одредби кои се однесуваа на формирање на средства, сите одредби кои се однесуваа на тоа како да интервенира републичкиот секретар за финансии кога се собираат вакви средства и на кој начин се собираат средства, каде се допонираат средствата и како се користат односно комплетно законот со сите членови е укинат во однос на тој дел.

За да не зборуваме празни работи овде во Собранието на Репулбика Македонија, барам Владата на Репулбика Македонија, како што започна со намалување на ДДВ, чистење на каналите, регулирање на плаќањето на данокот на земјоделците, следно нешто што треба да го направи да биде под итно да се најде законски начин, да може да постапи Министерството за

финансии, значи овде да се достави предлог, а ги повикувам и колегите пратеници сите да помогнат, да доставиме еден предлог на закон со кој ќе може Министерството за финансии да најде начин, на кој начин да се одвојат пари од Буџетот на Репулбика Македонија, како што тоа го правевме пред една година или една ипол година за санирање на последиците или штетните последици од елементарните непогоди. Точно е дека во моментот имаме закон за справување со кризи, но внатре недостасуваат одредби на кој начин да се исплатуваат средствата, на кој начин Министерството за финансии да постапува. Токму од тие причини мислам дека во периодот што е пред нас од една до две недели, додека почнеме да го разгледуваме новиот Буџет на Репулбика Македонија за 2007 година, да се изнајде начин да може во новиот Буџет на Репулбика Македонија да се предвидат штети со кои може да се санираат дел од штетните последици кои настанаа како резултат на елементарната непогода што го зафати струмичкиот регион.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

За реплики се јавија пратениците Ацо Киров и Цветанка Иванова.

Повелете господине Ацо Киров три минути.

**Ацо Киров:** Благодарам претседателе.

И благодарам исто така на колешката Силвана Бонева за поддршката на нашиот амандман, поднесен од мене и колешката Цветанка Иванова, па состојбата што ја опиша колешката на овие терени навистина беше таква. Таа детално ја опиша и затоа се надевам дека овој амандман ќе биде поддржан.

Меѓутоа, сакам да кажам и нешто друго. Колешката Бонева кажа дека новата Влада почнала со ископ на каналите во струмичкиот регион, односно во Македонија. Јас немам сознанија за тоа, но се надевам дека и сегашната Влада како и претходната Влада ќе ископа во струмичкиот регион 81 километар канали. Претходната Влада во струмичкиот регион има ископ од 81 километар. Ако и сега во наредните четири години тоа се направи, Струмица нема да има никогаш проблем со поројните води и дождови.

И уште нешто, околу солидарниот фонд, точно е тоа што го рече колешката Силвана Бонева, но сепак јас би сакал да го потсетам парламентарното мнозинство дека 2004 година преку солидарниот фонд, колку што се сеќавам, беа обезбедени 7% за невремето во Струмичко, во Репулбика Македонија, а после Владата со одлука на Владата имаше одлучено за околу 25-26%, значи плус овие 7%.

Благодарам.

**Љубиша Георгиевски: Б**лагодарам.

Контра реплика за пратеникот Силвана Бонева.

**Силвана Бонева:** Благодарам почитуван претседателе.

Почитуван колега, лошо бев интерпретирана од вас. Јас воопшто не спомнав дека во струмичко Владата на Репулбика Македонија во овие два месеци ги чистеше каналите, туку кажав во Репулбика Македонија бидејќи факт е дека во скопско и тетовско беа исчистени многу канали без да има повод за тоа, значи без да има поплава и да се интервенира. Тоа е разликата меѓу оваа Влада која на вистински начин пристапува кон проблемите, а не да чекаме три години да поминат, постојано да бараме секоја година, да доставуваме информации за направени штети, за огромни поплави, па дури после три години да започне да интервенира. Тоа беше случај во претходниот период, а во однос на солидарните фондови Законот кој што го спомнав зборува за тоа дека средствата на солидарност и формирањето солидарни фондови, кои се за отстранување на последици од елементарни непогоди, значи и тој закон во моментот е укинат и заради тоа повикав на подготвување нови законски решенија кои ќе овозможат средствата за солидарност да можат да се уплатуваат на посебна сметка.

Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Реплика за пратеникот Цветанка Иванова.

**Цветанка Иванова:** Благодарам господине претседателе.

Еве, и по повод овој амандман јас би можела да изразам задоволство заради тоа што навистина и позицијата и опозицијата, како и за претходниот односно вчерашниот амандман што беше прифатен, исто мислат. Но работата на опозицијата е да ја поттикнува власта да мисли и јас сум навистина многу задоволна што размислува Владата и овој проблем да го реши. Но зошто е тука опозицијата? Ние видовме дека во ребалансот на Буџетот не постојат такви средства и не се празни зборови да се укаже, туку да се изнесе една ситуација дека некаде настанала штета и мора да се реши, дека мора да се надомести таа штета и да им се помогне на земјоделците. Тука никој друг не е надлежен освен Владата. Сега е оваа Влада и таа треба да реагира. А како реагира - мислам дека во изминатиот период сите предлози што се доставени за донесување на закони се или по итна или по скратена постапка. Значи, ако се укинале некои членови на некој закон, вие знаете на теренот кој проблем го имате или го имаме сите, требало да поднесете предлог исто така во итна постапка да го донесеме, да создадеме законски основ и навистина до крајот на годината да го решиме ова со ребалансот на Буџетот, затоа што после не знаеме на кој начин, дали повторно ќе се прави ребаланс или на кој начин ќе се решава, затоа што ова се навистина финансиски средства кои треба да ги обезбеди владата и сите ние. Значи не се празни зборови.

Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Има збор пратеникот Зоран Витанов, повелете.

**Зоран Витанов:** Благодарам претседателе,

Јас сакам да укажам на сериозноста на проблемот со кој се соочија луѓето земјоделци од атарите на општина пред се Босилово и дел Василево. Исто така, сакам да укажам за мојата загриженост пред се лична, затоа што и по мајка и по татко јас лично доаѓам токму од тие краишта и можам да ви кажам дека на тој кобен 23.06. градот кој што падна беше во големина на јајце. Не зборувам за овие култури кои беа насадени на отворено, бидејќи тие биле 100% уништени во атарите на селата Сарај, Нова Маала, Гичерлија, дел од селото Босилово и уште некои, меѓутоа, сакам да укажам дека и пластениците беа уништени. Чисто сакам да укажам на сериозноста и на елементарната непогода која тогаш беше направена.

Од друга страна, знаеме дека во изборната единица број 4, гласовите ги добивме пред се од земјоделците, повеќе отколку условно да кажам од администрацијата итн.

Трета работа е што Република Македонија во 2005 година, значи под водство на претходната Влада, покажа дефицит во меѓународната трговска размена до тогаш незапамтен во износ од 1.280.000.000 евра. Ако знаеме дека земјоделското производство, посебно во струмичкиот регион во добар дел или поголемиот дел е извозно ориентирано и ако знаеме дека основна стратегија на оваа Влада е пред се намалување на тој дефицит во меѓународната трговска размена, јасно е дека безусловно на тие луѓе треба да им се помогне, јасно е дека тука нема алтернативи и воопшто не сакам да размислувам дека за тоа дополнително ќе се разговара и дополнително ќе се размислува. Ова што веќе се случило не треба да го ставаме во улога на ова што го очекуваме како превентива.

Апелирам до пратениците да заборават во овој момент кој од која партија е и да се свртат кон производството во Република Македонија, особено производството на храна. Меѓутоа, во исто време не можам а да не укажам како и вчера на ЛДП, уште повеќе денес на СДСМ, на лицемерноста и арогантноста што во континуитет ја имаат кон земјоделците. Јавно ги прашувам претставниците на СДСМ, каде е поранешниот министер за финансии господинот Никола Поповски, тој да се вклучи во оваа дискусија и уште повеќе каде е поранешниот министер за земјоделство што тие го изгласаа, господинот Садула Дураку денес а и вчера да дискутира како за тутунопроизводителите, така и за производителите на раноградинарски култури во струмичко. Значи да се погледнеме сите во очи да ја заборавиме политиката, да го заборавиме политиканството, да ја заборавиме демагогијата. Тие се луѓе производители, луѓе кои што сакаат да жиеат од сопствениот труд и кои реално, искрено и чесно тоа го прават. Тие луѓе многу добро ги познавам и лично, знам како се чувствуваат и особено знам како тие гледаа на нас бидејќи сето ова се случи во сред изборна кампања за парламентарните избори оваа година. Апелилрам до сите пратеници да го изгласаме овој амандман без да водиме сметка кој го предложил, а еве јас, за да останам доследен, укажувам дека сепак е лицемерие од страна на СДСМ што го предлага, а ги нема ниту Садула Дураку, ниту Никола Поповски кои беа најкомпетентни четири години за земјоделците воопшто да прозборат, и вчера за тутунот и денес за раноградинарството.

Да кажам дека јас ќе гласам за овој амандман.

Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Реплика за пратеникот Цветанка Иванова.

**Цветанка Иванова:** Господине претседателе, јас му се заблагодарувам на колегата Зоран Витанов, што го поддржува овој наш амандман, поднесен од мене и од колегата Ацо Киров, но не се согласувам со дел од неговата дискусија кога кажува дека лицемерни сме биле ние од СДСМ и каде биле поранешните министри Никола Поповски и Садула Дураку.

Почитуван господине колега Зоран Витанов, ваква иста катастрофа со невреме се случи и 2004 година. Лицемерие ли беше од СДСМ тогаш веднаш да дејствува со сите средства и сили и да надомести штета, и тоа вие знаете колкава и каква штета, вие знаете како ја примија земјоделците, во вкупен износ од 2,5 милиони евра, и тоа: Босилово околу 59 милиони денари, Василево околу 5 милиони денари, Ново Село 20 милиони денари, Струмица не знам точно бидејќи тогаш беше старата општина заедно со Куклиш, но околу 6 милиони денари само сегашната општина Струмица без Муртино и Куклиш. Зарем ова колега Витанов е лицемерие? Немојте несреќата на луѓето, како што кажавте вие сте и по мајка и по татко од таму, вие многу добро знаете како е, немојте вие сега да ја употребувате и злоупотребувате во политички цели.

Уште еднаш ви благодарам за поддршката и дајте да не се препукуваме на маката на нашите земјоделци, кои добро знаат како го заработуваат својот леб.

Ви благодарам уште еднаш.

**Љубиша Георгиевски:** Контра реплика за пратеникот Зоран Витанов.

**Зоран Витанов:** Директно прашање до госпоѓа Иванова: зарем ако сте биле толку ефикасни со вашите двајца министри кои ги спомнав, така катастрофално ќе ги изгубевте изборите во изборната единица број 4. Зарем тоа не ви зборува зошто земјоделците вас не ве поддржаа.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Има збор пратеникот Веле Митановски.

**Веле Митановски:** Благодарам претседателе.

Најнапред дозволете ми да изразам жалење што на едно вакво прашање на маката на земјоделците политички се пресметуваме. Исто така бев сведок на страдањето на земјоделците, тие три четири села, особено од селото Кичерлија, кое го посетив и тогаш дадов изјава

дека иако го посетив од тоа нема да правам медиски спектакл.

Јас се согласувам и оддавам признание на Владата дека сите свои досегашни постапки ги направи во прилог на земјоделците, почнувајќи од измените што ги направивме на Законот за ДДВ, пред два три дена Владата уште еднаш ги ослободи од персоналниот данок до крајот на 2008 година сите земјоделци што се регистрирани и плаќаат данок по катастарски приход. Меѓутоа, и поради тоа што го видов на лице место и поради тоа што сето тоа е дел од новата економска политика на Нова Социјалдемократска Партија, дозволете ми да кажам дека ќе гласам за амандманот и исто така дозволете ми да кажам дека не гледам неискреност кај пратениците, гледам чесни намери и не гледам позиции за лов на политички поедни кога се во прашање земјоделците.

И уште еднаш ќе кажам и ќе завршам дека навистина не е добро да не слушаат земјоделците, на нивната мака да се препукуваме и мислам дека и сумата не е толку голема за да правиме овде расправа од еден час за нешто што треба многу лесно да го изгласаме како поддршка.

Благодарам, јас сум за амандманот.

**Љубиша Георгиевски:** Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 66 пратеници, за гласале 21, воздржан 1, против 44 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на раздел 14001, Програма 3 Потпрограма 30 ставка 464 и на раздел 09002 Програма 2 Потпрограма 20 ставка 483, поднесен од пратениците Ацо Киров и Цветанка Иванова.

Отворам претрес по амандманот на раздел 14001 Програма 3 Потпрограма 30 ставка 464 и на раздел 09002 Програма 2 Потпрограма 20 ставка 483, поднесен од пратениците Андреј Жерновски, Ристо Пенов, Роза Топузова-Каревска, Слободан Најдовски и Јован Манасијевски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**Трајко Славески:** Амандманот не се прифаќа.

**Љубиша Георгиевски:** Владата не го прифаќа амандманот.

За збор се јави госпоѓа Топузова-Каревска.

**Роза Топузова-Каревска:** Благодарам претседателе.

Министерот за финансии без никакво образложение рече дека не го прифаќа амандманот, јас очекував дека можеби ќе каже нешто повеќе, со оглед на тоа дека претходно имавме еден амандман со иста цел, но беше поинаку дефиниран. Навистина овој пат останавме без образложение зошто овој амандман вака дефиниран не се прифаќа. Можеби по поднесените амандмани кои ги имавме од Владата имаме некои измени во стапките, во секој случај мислам дека има доволно пари во оваа ставка која ние ја нудиме тука да може да се исплати премија по 30 денари за килограм тутун од реколтата 2005/2006 година. Се надевам дека на оваа Влада нема да и помине во манир во 5 минути до 12 да ни доставува нови амандмани со кои во голема мера се менуваат законите, а конкретно во ребалансот на Буџетот предизвика и една конфузија.

Во таа насока сакам да го образложам нашиот амандман со кој предлагаме намалување на предложениот износ на ставката 483 во согласност со определбите кои оваа Влада ги искажуваше и за време на изборната кампања, а и веднаш после тоа. Значи, за намалување на средствата за купување на мебел, опрема, возила и останати машини.

Ќе кажете дека многу пати ни беше објаснето дека овие пари не се за тоа што пишува, туку за нешто друго. Да, и тоа е точно, но морам да напоменам дека сите објаснувања на министерот беа различни. Ниту еднаш, барем да погрешеше и да кажеше, да го повтореше она што го кажал претходниот пат и на Комисијата или овде во Парламентот.

Значи, ако имаше 10 пати образложување каде се наменети овие средства, сите 10 пати беа различни, почнувајќи од машини, па министерство за информатичко општество, па мазут и што уште не.

Токму поради тоа сметаме дека од овие пари односно од средствата за купување на мебел, опрема, возила и машини можат да се одземат потребните средства и да се префрлат во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство поконкретно предлагаме ставката разни трансфери од ова Министерство да се зголеми за потребната сума и од овие средства да се искористат за отплаќањето на премијата на тутунот по цена од 30 денари по килограм.

На вчерашниот ден говорев зошто е важно за тутунопроизводителите, ако имаме во предвид дека 30 до 40 илјади семејства се занимаваат со тутунско производство односно дека стотина илјади граѓани живеат точно од приходите на тутунот.

Ако кон ова ја додадеме извозната компонента на тутунопроизводството и неговото учество во бруто домашниот производ и приходите во Буџетот вклучувајќи ја секако и акцизата која се исплаќа по кутија цигари, очигледно е дека оваа земјоделска гранка суштински влијае не само на социјалната, туку и на економската состојба во Република Македонија, а со тоа секако и на политичкиот амбиент во државата.

Јас кажав како дојде до исплатата, вчера ја кажав генезата на тоа како дојде до исплата на токму 30 денари на оваа премија, повторно ќе кажам затоа што многу пати ми беше забележано дека тие средства не биле предвидени со Буџетот за 2006 година, тоа е точно почитувани колеги од

парламентарното мнозинство, навистина претходната влада не го предвиде ова во Буџетот за исплата на средствата за премија. Меѓутоа, во месец февруари ни се случија протести и блокади на патишта кои траеа повеќе денови, особено изразени во прилепскиот регион од каде доаѓам. Токму поради тоа јас и моите колеги пратеници од Прилеп, без разлика тогаш дали припаѓавме на парламентарното мнозинство или опозицијата оствариме неколку средби на самиот терен со тутунопроизводителите од кои средби произлезе една информација доставена до овој Парламент. Со таа информација, меѓу другото, нема да повторувам во интерес на времето што требаше се да се преземе, само ќе ја прочитам третата точка:

"Собранието ја задолжува Владата на Република Македонија да ги разгледа можностите за исплата на средства од Буџетот на Република Македонија утврдени во ресорот на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, ставка за поттикнување на земјоделието и средствата од зголемената акциза на цигарите и да изготви програма со која овие средства ќе ги распредели на тутунопроизводителите во вид на премии за откупениот тутун за реколтата 2005".

За оваа информација гласаа најголем дел од пратениците од тогашното парламентарно мнозинство и дел од опозицијата, како што беа ВМРО-Народна партија, но за жал, пратениците од ВМРО-ДПМНЕ не ја поддржаа оваа информација и доставија свои заклучоци во кои велат, меѓу другото, точно во однос на премијата.

Второ,ниското ниво на откупната цена што не обезбедува покривање на трошоците на производството наметнува потреба Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство да обезбеди премија за килограм откупен ориентален тутун од 30 денари. Средствата за таа намена да се обезбедат со ребалансот на Буџетот за 2006 година, имајќи предвид дека зголемената акциза од 9 денари, значи од зголемената акциза од 9 денари по кутија цигари, обезбедува финансиски ресурси од 1,8 милијарди денари.

Ова беа нивните заклучоци и цврсто стоеа зад тоа и сега ќе останат доследни на она што тогаш го кажуваа како опозиција и ќе помогнат овој амандман да биде изгласан.

Од друга страна беше кажано дека не се собрале потребните средства од акцизите, но сакам да напоменам дека навистина, бидејќи ја говориме вистината, до овој момент можеби не се собрани сите средства, но имаме уште 4 месеци кои ни претстојат за собирање на средствата од акцизата, а до септември односно од јануари до септември се собрани 2.270.000.000 денари. Тоа се 68,нешто % од она што е потребно за да им се исплати премијата која е договорена со тутунопроизводителите. Се надевам дека оваа Влада може да направи мал дополнителен напор, да ги даде уште тие 20 и кусур проценти кои дел од нив секако ќе се соберат до крајот на годината, значи 10-на % од потребните средства и на тутунопроизводителите да им се исплати премијата која им беше ветена од претходната влада затоа што не смееме до бесконечно она што ќе го вети една влада со промена на Владата не се исполнува, другата влада не го презема како обврска и не го исполнува, а од тоа секако дека најголема штета имаат луѓето кои се засегнати, обичниот народ, во конкретниот случај тутунопроизводителите.

Уште еднаш би апелирала до сите колеги, вклучувајќи ги и колегите од парламентарното мнозинство кои доаѓаат од Прилеп овој пат да гласаат за овој амандман и амандманот да биде изгласан. Затоа што, почитувани колеги, во изминатиот 4-годишен период ниту еднаш не се случило да гласам против за амандман кој бил поднесен од тогашните почитувани колеги Караџоски и Стојаноски, а се однесувал за Прилеп. Дали било за патниот правец, дали било за тутунопроизводството или било што што го засега регионот од каде доаѓам.

Токму поради тоа учествував во изготвувањето на оваа информација без разлика дали припаѓавме тогаш на парламентарното мнозинство или опозиција.

Сосема на крајот очекувам поддршка од сите колеги пратеници поготово од регионите каде најголем дел од населението или добар дел од населението живее од тутунопроизводството. Ви благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 59 пратеници. . .

Службите нека доставаат точен број на присутни пратеници, за секој случај.

(Службите ги пребројуваат пратениците)

Присутни се 67 пратеници од кои гласале 59, за гласале 9, воздржан 1, против 49 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на раздел 14001, Програма 3 Потпрограма 30 ставка 464 и на раздел 09002 Програма 2 Потпрограма 20 ставка 483, поднесен од пратениците Андреј Жерновски, Ристо Пенов, Роза Топузова-Каревска, Слободан Најдовски и Јован Манасијевски.

Отворам претрес по аманадманот раздел 14001, Програма 3 Потпрограма 30 ставка 464 и на раздел 09002 Програма 2 Потпрограма 20 ставка 483, поднесен од пратеникот Кире Гештаковски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**Трајко Славески:** Амандманот не се прифаќа.

**Љубиша Георгиевски:** Владата не го прифаќа амандманот.

Има збор Кире Гештаковски.

**Кире Гештаковски:** Благодарам господине претседателе, почитуван министер, почитувани пратеници,

Амандманот го поднесов со цел да се обештетат земјоделците кои во подрачјето на општина Ресен на 11.7.2005 година беа зафатени со силно невреме проследено со дожд, град и силен ветер. Невремето предизвика големи материјални штети во повеќе населени места во општината Шубленци, Покрвени, Подмочани, Асамати, Претор, Курбиново и Ресен од невремето штети беа направени и на градежните објекти и на земјоделските култури. Веднаш беа формирани, како што налага редот и Законот, комисии за оценки на штетата и таа е оценета на симболични 17 милиони денари.

Сега, почитувани пратеници од парламентарното мнозинство, сакам да ве замолам, бидејќи се наоѓате меѓу два избори. Од една страна да се определите за купување на само 10-тина удобни, но безвредни фотељи, само на 10-тина бироа или на неколку полуксузни возила, автомобили или да се определите симболично да се обештетат со толку мала сума стотици и стотици земјоделци кои, казнети од Господ, сега не можат да се подготват и за следната реколта. Впрочем, тоа 4 години како опозиција секојдневно го укажувавте, го запишавте во вашата Програма, го ветивте пред изборите дека ќе се залагате ставката за мебел и автомобили да биде нула, а дека ќе ги помагате земјоделците.

Поддршката, почитувани пратеници, од изборната единица број 5 од земјоделците ја добивте. Сега, дајте на еден симболичен, хуман начин да им се реваншираме. Ако во претходните амандмани беа потребни навистина поголеми средства кои можеа да го дисбалансираат овој ребаланс на Буџетот, сега навистина со овие 17 милиони денари не може ништо да измени во новиот Буџет.

Ви благодарам предвреме, бидејќи знам дека ќе гласате за овој амандман.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Има збор Александар Николовски, повелете.

**Александар Николовски:** Благодарам претседателе.

Во насока на дискусијата на колегата, јас би се надоврзал на претходните дискусии, особено на пратеничката Силвана Бонева, проблемот не е само во 5-та или 4-та изборна единица, проблемот е проблем кој треба концепциски понатаму да го решаваме односно не можеме парцијално да ги решаваме проблемите, па во таа насока јас ги разбирам проблемите на земјоделците и целосно ги поддржувам, но две работи се особено битни:

Прво, дека овие прашања можат поцелисходно да се решат со Буџетот за наредната година и

Второ, Владата треба да преземе итни мерки во насока на расчистување на каналите и на поддршка на земјоделците и во таа насока сметам дека заеднички треба да поработиме на стратешко решавање на целиот проблем. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Кире Гештаковски реплика, три минути.

Кире Гештаковски: Благодарам господине претседателе.

Почитуван колега, моето мислење е спротивно. Најцелисходно ова прашање и овие маки на земјоделците во Преспа ќе се решат ако вие и вашите колеги само притиснете сега на зеленото копче. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

(Гласањето беше без кворум)

Ги повикувам службите да достават точен број на присутни пратеници во салата.

(Службите ги пребројуваат пратениците)

(Во салата има 60 пратеници)

Ги повикувам пратениците кои се вон салата да си ги заземат своите места во салата.

(Во салата има 61 пратеник)

Во ред, ќе го повториме гласањето, сега сме 61 пратеник во салата.

Ве повикувам да гласаме.

Присутни се 61 пратеник, гласале 60, за гласале 11, воздржано 2, против 47 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на раздел 14001, Програма 3 Потпрограма 30 ставка 464 и на раздел 09002 Програма 2 Потпрограма 20 ставка 483, поднесен од пратеникот Кире Гештаковски.

Отворам претрес по амандманот на раздел 14003, Програма 2 Потпрограма 20 ставка 426 и на раздел 09002 Програма 2 Потпрограма 20 ставка 464, поднесен од пратеникот Валентина Божиновска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор претставникот на Владата.

**Трајко Славески:** Благодарам.

Амандманот не се прифаќа.

**Љубиша Георгиевски:** Владата не го прифаќа амандманот.

Има збор Валентина Божиновска.

Благодарам претседателе, почитуван минстре господине Трајко Славески, мислам дека се работи за 2 милиони денари кои се минималистички во однос на тоа во каква состојба се наоѓа Хидрометролошкиот завод и особено примарните средства кои се навистина од особено значење за анализата за хидрологија и на природната средина.

Значи, во мигот во Хидрометролошкиот завод и управниот одбор и луѓето кои работат се засегнати со возила. Значи, ќе биде значајно да ги

добиеме тие 2 милиона денари, од едноставна причина што од анализите и анкетите кои тие ги прават се засегнати и авиосообраќајот и патниот сообраќај, возниот, па впрочем, и ние како патници, кои секојдневно патуваат низ Македонија.

Значи, ако би требало во овој момент Хидрометролошкиот завод да испрати екипа на Шар Планина, тие немаат основно средство со кое би заминале.

Мислам дека 2 милиони денари е навистина, симболична сума со која тие би можеле оваа зима да ја протуркаат. И затоа ве молам за едно сериозно разбирање за овој амандман. Благодарам и ги поканувам моите колеги да гласаат.

**Љубиша Георгиевски:** Бидејќи нема друг пријавено за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Во салата се присутни 62 пратеника.

Гласале 56 пратеника, за гласале 10, воздржани 2, против гласале 44 пратеника.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на Раздел 14003, Програма 2, Потпрограма 20, ставка 426 и на Раздел 09002, Програма 2, Потпрограма 20, ставка 464, поднесен од пратеникот Валентина Божиновска.

Отворам претерс по амандманот на Раздел 16001, Програма 4, Потпрограма 4-б, ставка 482 и на Раздел 09002, Програма 2, Потпрограма 20, ставка 464, поднесен од пратениците Азис Положани, Рафис Алити и Зумрете Јакупи.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор претставникот на Владата.

**Трајко Славески:** Амандманот не се прифаќа.

**Љубиша Георгиевски:** Владата го одби амандманот.

Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Во салата се присутни 62 пратеника.

Гласале 53 пратеника, за гласале 6, воздржан нема, против гласале 47 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на Раздел 16001, Програма 4, Потпрограма 4-б, ставка 482 и на Раздел 09002, Програма 2, Потпрограма 20, ставка 464, поднесен од пратениците Азис Положани, Рафис Алити и Зумрете Јакупи.

Отворам претрес по амандманот на Раздел 16001, Програма 7, Потпрограма 71, ставки 420, 421, 423, 424, 425 и 426 и на Раздел 16001, Програма 2, Потпрограма 20, ставка 483, поднесен од пратеникот Славица Грковска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор претставникот на Владата.

**Трајко Славески:** Со оглед на тоа што амандманот се однесува на пренамена на средства на исти буџетски позиции и со оглед на тоа што станува збор за средства што ја подржуваат науката во Република Македонија, Владата го прифаќа овој амандман.

**Љубиша Георгиевски:** Владата го прифаќа амандманот и истиот станува дел од ребалансот на Буџетот.

Отворам претрес по амандманот на Раздел 16001, Програма S, Потпрограма S-2, ставка 469 и на Раздел 09002, Програма 2, Потпрограма 20, ставка 464, поднесен од пратениците Азис Положани, Рафис Алити и Зумрете Јакупи.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор претставникот на Владата.

**Трајко Славески:** Амандманот не се прифаќа,

**Љубиша Георгиевски:** Владата го одби амандманот.

Молам кој бара збор?

За збор се јави Зумрете Јакупи.

**Зумрете Јакупи:** Се извинувам дали може уште еднаш да го прочитате амандманот за да знам на кој се однесува. Добро во ред.

Јас прво се извинувам што малку доцнев бидејќи бев на семинар, бидејќи уште вчера се надевав дека ќе ми дојде редот да го кажам моето мислење во врска со нашиот амандман. Ве поздравувам сите колеги и колешки и господин Георгиевски. Моите зборови се за тоа што јас сакам да ги кажам моите мислења во врска со овој ребаланс на Буџетот, каде што забележив дека имаше некои недостатоци од страна на здравственото осигурување.

Јас би сакала да кажам неколку збора во однос на предложениот амандман од ДУИ и ПДП во образложението и со ребалансот на Буџетот за 2006 година, да се земе предвид и нашата интервенција и нашиот амандман, со цел да се зголемат средствата во ставка 58, каде се говори за здравствената заштита на мајката и децата од една вредност од 15 илјади да се зголеми со вредност од 25 илјади и 20 денари. Свесни сме претходно дека нашите интервенции не можат да се земат предвид од страна на претставниците на Владата, но како и да е, многу е добро да се земе предвид оваа наша интервенција, бидејќи здравствената заштита на децата и мајките е еден значаен приоритет на Владата.

**Љубиша Георгиевски:** За друг амандман почнавте да говорите. Значи, амандманот на Раздел 16001, Програма S, Потпрограма S-2, ставка 489 и на Раздел 09002, Програма 2, Потпрограма 20, ставка 464.

Значи, сега тој амандман е на дневен ред. Повелете.

**Зумрете Јакупи:** Бидејќи и вчера сакав да зборувам, бидејќи мојата професија се засега овде, сакам на одреден начин да го дадам мојот придонес во оваа насока, дека гледам непотребни оценки во здравствената насока и посебно со ова, или со радијацијата имаме поднесено амандман, исто така и во однос на образованието. Мене ме засега тоа и мојот колектив, но и образованието како една наша насока. Сакам во целост да ги кажам моите ставови, бидејќи се работи од здравствен аспект. Прво ќе му дадам збор на колегата.

**Љубиша Георгиевски:** Не е ништо страшно. Јас ќе му дадам збор. Само вие кажете благодарам, јас ќе му дадам збор на господинот Положани.

Ве молам тишина. Нормално, луѓе сме сите, можеме да се збуниме. Ова не е ништо страшно.

**Зумрете Јакупи:** Добро, сега за сега ќе завршам. После ќе земам збор.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Има збор господин Азис Положани.

**Азис Положани:** Ви благодарам.

Бидејќи дискутираме за ребалансот на Буџетот, како што кажав и во мојата претходна дискусија, јас сум свесен дека не може да се дискутира за сите политики поврзани со Буџетот и со финансирањето на разните активности во рамките на ребалансот, меѓутоа, сепак, ребалансот претставува на некој начин сигнализација за ориентацијата на некои политики кои што всушност, се во тек и кои што во себе опфаќаат приоритети кои Владата сака да ги реализира од овој аспект.

Како што гледате, овој амандман е предложен со цел за зајакнување на некои реформирачки активности во Министерството за образование, затоа што од тоа што го слушаме и читаме од медиумите евидентно е, или пак се претставува дека недостатокот на реформирачките чекори во насока на реформирачки политики во Министерството за образование го оправдуваат со недостаток на финансиски средства.

Јас сакам да ве информирам почитувани пратеници дека постојат некои сегменти од образовните реформи, кои што се поврзани целосно и со нашите обврски кои што произлегуваат визави Европската унија. Една од тие обврски е и Законот за бирото за развој на образованието и Законот за средно и високо образование. Овие два закона се во функција на приспособување кон тековите во обазованието и реформите во истото во споредба со барањата кои што ги има предвидено Европската унија да ги исполниме во оваа фаза и конкретно, имајќи ја предвид оваа висока фаза имаме високо ниво на невработеност и потребата преку образовните реформи, во образовниот систем да придонесеме за приспособување на определените политики во функција во намалување на невработеноста, затоа што ќе создаваме механизми и инструменти за доквалификација или преквалификација на вработените и тоа преквалификација во разните фази на едукација на генерациите и зошто не и едно средно стручно училиште, кое што во себе има понагласена флексибилност и кое што е поприспособливо кон овие потреби.

Затоа, го имаме значи, Законот за бирото на образованието, кој според информациите кои произлегуваат, се уште нема некоја активност, која што би го направило тој Закон да биде спроведлив од 1 јануари, како што е предвидено во самиот Закон донесен од овој Парламент за средното образование и стручното образование кое што во себе содржи и обврска од Европската унија, која обврска беше нагласена и тука од страна на господинот Фуере во Комисијата за надворешни работи и интеграција, затоа што уредувањето во прашалникот во нашите обврски кон Европската унија е во делот на економијата, токму поради оваа причина. Значи, од причина што преку образованието се настојува или ќе треба да се влијае за подобрувањето на условите, како во средното образование и високо образование и во зајакувањето на соодветните капацитети за исполнување и на економските стандарди, кои што сигурно не можат да се исполнат без надлежни луѓе, без аплицирање на научните знаења во воспитно образовниот процес итн.

Затоа, за да се образложи недостатокот на економските средства за реализација на овие реформи, јас тука заедно со моите колеги го предложив овој амандман, со кој што би се избегнала оваа можност и да не се создаде алиби за нечекорење напред во овие реформи.

Јас ја користам приликата на министерот за финансии како претставник на Владата да му дадам до знаење за нашиот приоритет како држава и обврската која што произлегува од спогодбата за асоцијација, меѓутоа, како услов како земја кандидат беше да се донесе Законот за средно стручно образование, кое што за информација на јавноста и на пратениците кои што се помалку информирани тука, покрај другото, има предвидено да создаде еден пофлексибилен пазар на труд и палета на разни професии, пофлексибилни професии и можност, покрај ова, и општините да предлагаат, или пак, да побараат од овој центар да се создаде да има кратки програми или коликулуми за видот на работници кои што би им требале како општини, доколку имаат странски инвеститори во таа општина, а за што немаат работна рака која што би била обучена како што треба. Значи, во функција на одржливиот регионален развој и за создавање на механизми за работна сила во согласност со потребите кои што на секоја општина би можеле да и се појават кога би дошол некој инвеститор и би ги побарал во некоја форма или во некој поспецифичен начин на кадри кои би работеле во тие фабрики. Тоа се така наречени шест месечни, едно годишни, или девет месечни специјализации кои што ги плаќа инвеститорот, меѓутоа, преку овој центар ги има превземено како обврска самата држава да ги направи коликулумите за истите и исто така и овој центар

да биде награден со тоа што тоа му припаѓа за својата работа. Значи, оваа е едно поврзување со економијата на општините и на централните органи, значи на самиот центар во функција на создавање на подобри услови за развој и на општеството, а посебно на општините. Значи, ќе беше навистина несреќа доколку Владата не е свесна за оваа работа и нема да оди посмело во имплементирање на овој закон, така како што е предвидено и со самиот закон кој што го има донесен овој Парламент. Овој амандман значи тежнее да го привлече вниманието на Владата за едно нереализирање на една законска обврска која што ја има преземено оваа држава. Преку овој закон и последиците кои што можат да следат или пак, критиките кои што можат да дојдат до Македонија за нереализација на овој сегмент од нашата образовна политика, поврзана со економијата, така како што е предвидено.

Затоа, побарав дополнување на средствата во ставката која што е предвидена за реформите во средното образование и тука го имам предвид целосното имплементирање на Законот за бирото за развој на образованието кој што за прв пат е закон кој што се усвојува за ова прашање и е многу реформаторски затоа што има многу активности која што би ги имала како монопол оваа институција како предуслов за натамошно реформирање на образованието и Законот за средно образование, стручно образование и посекундарно образование, затоа што има поврзаност со тоа што го кажав и порано.

Значи, затоа што не сакам да должам многу, затоа што ова ќе дојде на дневен ред и тогаш кога ќе дојде Буџетот јас уште еднаш, значи се обидувам да го ориентирам вниманието на министерот за финансии кон овие елементи, затоа што ќе бидам тој кој што внимателно ќе го следи финансиското поддржување на реформаторските активности на сите елементи кои што се реализирани во општ интерес и во интерес на чекорењето на Македонија кон Европска Унија. Значи, барам од пратениците и верувам дека моето образложение беше доволно за да ја разберат суштината на поддршката, со дополнителни финансиски средства во оваа ставка, затоа што образложението што е дадено во самото писмо каде што се образложува амандманот, нормално дека тоа пократко, негде јас малку сега должам, со цел да ви дадам до знаење дека се работи за обврски кои што произлегуваат и со моето вознемирување затоа што се случува со имплементирањето на образовните реформи, сега, во овој момент од страна на Владата на Република Македонија, која што заостанува и за која што не гледам дека има приоритети, која што доколку се продолжи на овој начин дефинитивно ќе ги оштети и оние позитивни чекори кои што се постигнаа и на крај ќе го оштети и имиџот на Република Македонија визави обврските кои што произлегуваат како земја кандидат во Европската Унија. Значи, барам поддршка за една работа која што всушност е за доброто на сите. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Ташева Виолета има реплика. Повелете.

**Виолета Ташева:** Благодарам почитуван претседателе, почитувани колеги, почитуван министер.

Се сложувам со колегата Азис Положани дека состојбата во образованието навистина е многу лоша и дека досега не се водело сметка кога станува збор за одделување од Буџетот средства за да може да се поттикне развојот на образованието. Жалносно е што дури сега се сеќава колегата Азис Положани дека се потребни средства за образование. Бидејќи, денес зборуваме за ребаланс на буџет кој треба да се реализира до декември, крај 31, значи декември, што значи дека планирање за вакви проекти за кои треба да се мисли долгорочно, требало да се направи уште од моментот во 2004 година кога се донесе Законот за заем, во кој државата се задолжи со 5 милиони американски долари токму за проект за модернизација на образованието. Зошто тоа не е спроведено онака како што сега колегата вели, зошто е направена една ваква грешка, еден ваков превид и нешто што воопшто ниту со политички сенс спроведување на план за модернизација на образованието, тоа е сепак нешто што треба господинот Азис Положани треба да го каже овде и пред јавноста за да се знае. Во секој случај за политики кои значат модернизација на образование би поддржала Владата на Република Македонија за следниот буџет за 2007 година да ги планира и да ги внесе во своите планови. Благодрам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Контра реплика господинот Положани, една минута. Повелете.

**Азис Положани:** Тешко е за една минута, но ќе се обидам. Не е точно тоа што вели госпоѓата почитувана пратеник. Јас овој амандман го доставувам за уште еднаш да насочам на потребата за реализација на законите кои што се во интерес на Република Македонија. Финансиски средства за овие промени, за овие измени, за овие реформи има и сега во Буџетот и мора да има и понатаму, зошто тие средства предвидени од тоа што вели 5 милиони американски долари и 10 милиони евра од Холандската Влада се веќе предмет кои што се обработуваат и траат во Министерството. Со овој амандман уште една сакам да укажам на некои изјави, на некои авторитети од Владата, кои објаснуваат за заташкувањето или нереализирањето на некои реформи, велат дека за тоа нема средства. Јас повторно велам има, ќе има, туку со амандман да додадеме уште нешто, за да никому тоа не му служи да не ги реализира тие средства што се земени како заем и како обврска.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Ги молам службите да достават точен број на присутни пратеници во салата.

Ги молам, исто така, пратениците да влезат во салата и да ги заземат своите места.

Предлагам пет минути пауза за да се соберат пратениците.

(По паузата)

Молам, пратениците да влезат во салата и да ги заземат своите места.

Молам, службите да достават точен број на присутност.

Во салата се присутни 61 пратеник.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 41 пратеник, за гласале 4, воздржани нема, против 37.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на Раздел 16002, програма 2, потпрограма 20, ставка 425 и на Раздел 16002, програма 3, потпрограма 30, ставка 483, поднесен од пратеникот Славица Грковска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор претставникот на Владата.

**Трајко Славески:** Средствата од кои се предлага оваа пренамена се искористени, значи се пренаменети во текот на годинава што изминува за набавка на софтвер и се реализирани досега со процент од 99,94% и оттаму Владата не може да го прифати овој амандман.

**Љубиша Георгиевски:** Владата не го прифаќа амандманот.

Има збор Славица Грковска. (Повелете)

**Славица Грковска:** Со оглед на тоа средствата што се предвидени за да се префрлат во ставката за развој и подготовка на наставни програми во Бирото за развој на образованието, се од ставка за купување на мебел, опрема, возила и машини во износ од 147.000.000 а имајќи го фактот дека една од главните аргументации што ја слушнавме во изминатиот период за одложување на почнување на процесот за реализација на државната матура беше токму неподготвеноста на некои наставни програми. Затоа, сметав дека е потребно да се задржи на истото ниво ставката за развој и подготовка на наставни програми, со оглед на тоа што сметав дека е непотребно да се зголемува ставката за купување на мебел, опрема, возила и машини, имајќи го предвид ветувањето што Владата го поддржа.

Имено сакам прво да потсетам дека е невозможно само декларативно одлагање на државната матура, со оглед на тоа што ние законски сме обврзани оваа година да почне реализацијата на државната матура, имајќи ги предвид и проектите кои успешно се одржаа во одреден број на училишта. Меѓутоа, повторно ќе кажам, сметам дека е исклучително важно, со оглед на тоа што не станува збор за голема сума, овие средства да се доделат за разни подготовки на наставни програми.

Доколку не се прифати овој амандман, а апелирам да се прифати, се надевам дека ќе се прифати наредниот амандман кој за многу поголеми средства, станува збор за 2 милиони денари за кои се надевам дека Владата не ги искористила претходно. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Во салата има 63 пратеници.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 62 пратеника, за 6, воздржан 1, против 55 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на Раздел 16001 Програма 2 Потпрограма 20 ставка 425 и на Раздел 16002 Програма 3 Потпрограма 30 ставка 483, поднесен од пратникот Славица Грковска.

Отворам претрес по амандманот Раздел 16002 Програма 3, потпрограма 30, ставка 425 и на Раздел 09002 Програма 2, потпрограма 20, ставка 464, поднесен од пратениците Азис Положани, Рафис Алити и Зумрета Јакупи.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Повелете министер.

**Трајко Славески:** Амандманот не се прифаќа.

**Љубиша Георгиевски:** Владата не го прифаќа амандманот.

Има збор пратеникот Азис Положани.

**Азис Положани:** Почитувани пратеници, почитуван господин претседателе,

Дозволете ми преку овој предложен амандман кој претставникот на Владата не го прифати, а можеше да ги прифати со тоа грешките што самата Влада ги прави во таа насока и во отсуство на едно разбирање од негова страна, да го образложам малку пошироко.

Целта што го поднесов овој амандман е надежта да ги убедам пратениците за неопходноста и тежината на дополнителната поддршка на еден реформски исчекор, на една суштествена реформска активност во Министерството за образование. И претодно се одби еден амандман кој беше во однос на зајакнувањето на капацитетите и логистиката, а исто така и активностите поврзани со имплементацијата на државната матура, министерот за финансии го одби истиот, образлагајќи го со расходите, трошењето на с редствата во Разделот кој всушност бил искористен малку претходно.

Јас жалам господине министер, но ние како праптеници во неможност да имаме еден осврт за сите раздели и ставки што ги има Буџетот, предлагаме, некогаш можеби и не правиме добро, без сеопфатна анализа на Буџетот, бидејќи може да се случи, како што беше претходниот

амандман, да бараме средства од некој раздел за кој велите дека нема пари. Но, јас сакам да ве потсетам дека ваша обврска и должност е да создадете буџет, дури и ребаланс на Буџетот, засновајќи го врз законските обврски кои се обврски што ги донесе овој Парламент и кои Владата треба да ги примени.

Имајќи предвид дека вие пред вас го имате Буџетот, да најдете соодветни решенија за тие обврски кои произлегуваат од законите, да не не доведувате во една состојба нас како пратеници да предлагаме амандмани, некогаш и земајќи средства кои на хартија постојат, но вие велите дека се потрошени истите, бидејќи вие ја поседувате таа информација.

Начелно би сакал, во текот на создавањето на Буџетот да се земат предвид приоритетите кои една влада ги има во рамките на своите политики и во согласност со преизборните ветувања. Но тие ветувања пред да ги реализирате, јас би ве замолил и барам најпрвин да ги имплементирате во закони и понатаму во согласност со законите да ги реализирате во буџетската распределба, бидејќи имаку ќе дојдеме во една конфузија и правна несигурност во сите ваши политики, со што ќе се наруши системот на проекти кои и во минатото, не само блиското минато, што сакате да го наречете, претходното четиригодишно минато, туку подолго минато, имаше подготовки и видливи трошоци, беше декларирана и реализирана јака меѓународна поддршка и вие сега без да го измените законот, ако сте имале за цел да ја одложите матурата, вашиот премиер го кажува тоа. Јас не можам да му го забранам тоа, но мислам дека не може тој сам тоа да го каже без мислењето на министерот за образование. Значи не може тој да излезе и пристрасно да каже одлагање на државната матура, без да се донесе законот во овој Парламент, кога се знае дека матурата е еден елемент и дел од законот и со закон е предвидено да биде во оваа учебна година, бидејќи за тоа се направени сите подготовки, извршени се активности во еден подолг период, опфаќајќи го и центарот за матура кој ги има сите предуслови. Јас ви гарантирам почитувани пратеници дека е најдобрата во регионот изработена, со сите свои елементи и кога таа требаше да се имплементира, не случајно јас предложив тогашната Влада и Парламентот да го примени датумот на матурата и да се стави имплементацијата во законот, за да не ми се даде можност ниту мене како министер за образование, ниту на никој друг да го одложи тоа, бидејќи секогаш ќе најдете причини да ја одложите државната матура. Реакциите на ужениците се дека нема матура ако не се вкалкулираат сите овие работи. Тоа не е една реформа која се очекува со одобрување од сите фактори во процесот, но една реформа која им гарантира на новите генерации една подобра иднина и можност за упис во повисоките степени на образованието. И што уште е позначајно е инструментот на транспарентност и контролата на квалитетот во средното образование, толку зборуван, толку посакуван и прокламиран од сите политички партии, во предизборната кампања. Јас не гледам ниту една причина матурата да не се изврши, кога се имаа предвид сите поранешни подготовки и пилот матурите и создавањето и стандардизацијата на инструментите за истата, опфаќајќи ги и инвестициите и во софтверот и во хардверот, во центарот за матура и подготовката на сите структури за ова прашање. Тоа што се кажа дека не се информирани факторите или наставниците, тоа не е вистина. Наставниците кај 1/3 од учениците остварија пилот матура. Сега во октомври требаше да се оствари втората пилот матура што ќе опфати еден дополнителен број. Тоа се одложи за ноември. Нема ништо лошо во тоа и нема проблеми што се одложи, но тоа што се одложи матурата да не се оствари на крајот на годината, тоа веќе е еден проблем, бидејќи е предвидено со закон и уште полошо што се вели дека се одложи поради тогашниот министер што нема предвидено средства за оваа работа.

Почитувани пратеници, секој знае дека средствата се предвидуваат во Буџетот и ребалансот на Буџетот е една добра причина за да се преиспита финансиската рамка на секој проект. Јас имајќи ги предвид, како предложениот амандман кој беше за реформите во образованието, да ги отстрани и минималните дилеми кои може да произлезат од субјективниот пристап што се врши во финансирањето на еден проект, предлагам, бидејќи нема продложено соодветното Министерство за образование, а Владата не излегува со предлог, или како министер за финансии имајќи ја предвид законската обврска, а тоа е обврската која произлегува од законот, а министерот за финансии требало да го има предвид тоа, а не го направил, јас предлагам едно дополнувањ на ова ставка за имплементацијата на матурата во Бирото за развој на образованието и ова да не биде причина утре да се излезе и да се каже матурата не се направи бидејќи немавме пари. Јас велам дека тоа не е вистина. Затоа ова е моментот, кога се преиспитува Буџетот, значи се прави еден ребаланс на Буџетот, Владата нека оддели повеќе средства и да ја оствари оваа законска обврска, да не дозволи ова да биде причина за не толку големи пари во однос на општиот износ. Тоа се минимални пари за Буџетот, а од друга страна кога се земе предвид тежината на остварувањето на матурата како еден од инструментите кој го приближува нашето образование кон меѓународните стандарди.

Почитувани пратеници, јас ве поканувам да го изгласаме овој амандман со кој ќе ја остраниме и најмалата сомнеж или да го наречеме предуслов, Владата, повикувајќи се на отсуство на средства, но денес е денот кога евентуалното отсуство на средства, доколку е така, но јас велам дека може тоа да се направи, бидејќи Буџетот за 2007 година доаѓа. Само ако Владата не сака да се оствари нешто, тогаш таа нема да предвиди средства. Тоа го прави за да нема финансиска поддршка и го

образлага така поради неизвршување на законската обврска.

Ве поканувам, бидејќи има потреба соодветниот ресор и Владата да го имплементира ова прашање, имало малку пари, а денес е денот е да доделиме уште малку пари и да се реализира овој стремеж, бидејќи сама вака можеме да се надеваме дека и актуелната Влада ќе реализира реформски политики во образованието и ќе се потруди да го оствари тоа што го има декларирано, значи квалитетот во образованието. Без инструменти, без јасна визија, секоја предизборна декларација, било да е и постизборна, во духот на тие предизборните, ќе биде нешто што само ќе не врати во тоа што се вика демагогија. Затоа почитувани пратеници ве поканувам да го изгласаме овој предложен амандман за да му дадеме поддршка на Министерството за образование да го реализира проектот на матурата, така како што е предвидено.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

За реплика се јавува пратеникот Цветко Грозданов:

**Цветко Грозданов:** Благодарам почитуван претседателе, почитуван министер, колеги пратеници,

Јас ќе се навратам на она што господинот Положани го изнесе во неговата дискусија, како сме пред избори, а не како да се работи за она што со амандманот го предвидел, за она што претходната Влада воопшто не водела сметка околу државната матура. Не можеме да кажеме дека во овој момент, сега со ребалансот на Буџетот ние ќе направиме да обезбедиме средства за она што се нарекува државна матура.

Ќе напомнам дека ова е само ребаланс на Буџетот и дека овие средства ќе бидат искористени до декември месец, додека во новиот Буџет што ќе се донесе, Буџетот за 2007 година, добро ќе биде обмислена и имплементиран и сите оние податоци кои сега се дадени.

Ние во образованието велиме, тоа ќе му го кажам на господинот Положани, во неговото излагање имаше одличен состав, но ја промашил темата. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Една минута контра реплика за господинот Азис Положани.

**Азис Положани:** Јас повикувајќи се на изјавите дека неизвршувањето на матурата е причина отсуството на средствата, уште еднаш ќе кажам денес е денот да се подобри оваа работа за да го зајакнеме проектот. За другите прашања мислам бев сосема јасен.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

За реплика се јавува госпоѓа Јагнула Куновска.

**Јагнула Куновска:** Го слушам господинот Положани со внимание, како умее долго да зборува, навистина, како што рече колегата како да е пред избори, а веднаш ми се враќаат назад сеќавањата, додека беше министер за образование каков беше, безобзирен, селективен во образованието, во смислам на распределба на парите, со чиста образована и материјална злоупотреба форсирајќи едни консументи на образованието од генерацијата, на сметка на другите.

Мислам дека самокритичност ќе има во своите погледи за да може да каже што е добро, а што не е добро во образованието. Но, сепак сфатив, господинот Положани може само да критикува, а никаква самокритичност нема за себе.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Една минута контра реплика за господинот Азис Положани.

**Азис Положани:** Јас жалам доколку не ги исполнувам критериумите и рамките на желбите на колешката, кога јас расправам и моите дискусии се надвор од логиката, како што таа ги разбира работите. Тоа воопшто не ме загрижува ниту намеравам да и реплицирам, бидејќи не влегувам во нејзиниот калап на размислување.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Во салата се присутни 64 пратеници.

Гласале 58 пратеници, 4 за, воздржани нема, против 54.

Констатирам дека Собранието на го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на Раздел 18010 Програма 1 Потпрограма 10 ставка 464 и на Раздел 09002 Програма 2 Потпрограма 20 ставка 464, поднесен од пратеникот Валентина Божиновска.

Го повикувам претставникот на Владата да се произнесе.

**Трајко Славески:** Амандманот не се прифаќа.

**Љубиша Георгиевски:** Владата не го прифаќа амандманот.

Има збор пратеникот Валентина Божиновска.

**Валентина Божиновска:** Благодарам претседателе.

Почитуван министре, навистина никогаш не сум можеле да одолеам на вашите колумни, особено на културолошката образованост која вие и те како ја поседувате, а впрочем сте и сам автор на многу книги.

Во овој контекст, сакам да кажам како Буџетот на книгоиздавачката дејност, воопшто на книгоиздавачите, е многу намалена. Јас мислам дека со 1,5 милиони денари можеме да помогнеме, особено на оној дел и тоа и го фаќа, научниот дел во книгоиздаваштвото што сега апликативно се намалени средствата и во науката. Дефакто тие ќе мораат да конкурираат во делот на издаваштвото во културата. Според тоа јас ги поканувам колегите да гласат за овој дел, бидејќи императив на една нација, богатство, секако е идентитетот на културата и преку

литературата односно во книгоиздавачката дејност. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ги повикувам службите да достават точен број на присутни пратеници во салата.

(Службите ги пребројуваат присутните пратеници во салата).

Ги молам пратениците да ги заземат своите места во салата.

Ве повикувам да гласаме.

Во салата има 61 пратеник.

Гласале 57 пратенци, 12 гласале за, воздржан 1, против 44.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на Раздел 18010 програма 3 потпрограма 30 ставка 464 и на Раздел 09002 програма 2 потпрограма 20 ставка 464, поднесен од пратеникот Валентина Божиновска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**Трајко Славески:** Благодарам господине претседател.

Барањето е за зголемување на средства за потпрограмата филмска дејност. Со оглед на тоа што месеците септември и октомври Владата на Република Македонија, мислам новата Влада интервенираше да се исплатат некои заостанати обврски за значајни проекти што се и од национално значење, меѓу нив и новиот филм "Сенки" и неколку други, со оглед на тоа што средствата се искористени во приличен обем нема да можеме овој амандман да го прифатиме во рамките на оваа потпрограма во текот на ова година.

**Љубиша Георгиевски:** Владата не го прифаќа амандманот.

Има збор Валентина Божиновска, повелете.

**Валентина Божиновска:** Благодарам претседателе.

Почитуван министре,

Благодарам, така е, во право сте. Претходната Влада, особено министерот за култура господинот Благоја Стефановски имаше навистина големи долгови останати, особено во делот на филмот, филмската дејност и тие сега се исплатени. Тоа е добро. Знам од моите колеги. Еве, имаме еден заеднички првичен договор од оваа седница дека во буџетот за 2007 година јас навистина би сакала, како еден сериозен заеднички европски императив на оваа држава дека филмот и тоа како е главен императив за претставување на Македонија во Европа, а гледам, следам и ми е многу драго што генералната политика на оваа Влада се носи на тоа ниво. Во тој контекст ќе пбоарам тогаш да се зголеми буџетот за филмската дејност.

Го повлекувам овој амандман, благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Амандманот е повлечен.

Отворам претрес по амандманот на Раздел 18010 програма 5 потпрограма 50 ставка 426 и на Раздел 09002 програма 2 потпрограма 20 ставка 464, поднесен од пратеникот Валентина Божиновска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор претставникот на Владата.

**Трајко Славески:** Благодарам господине претседател.

Не се прифаќа овој амандман.

**Љубиша Георгиевски:** Владата не го прифаќа амандманот.

Има збор Валентина Божиновска, повелете.

**Валентина Божиновска:** Многу ми е жал што не се прифаќа, зошто очекував барем еден амандман, бидејќи моите амандмани се сите во износ од два милиони денари. Единствен беше амандманот за книгоиздаваштвото 1.000.500 денари и ова е актуелен проблем во моментов, бидејќи навистина сите археолошки локалитети во моментов се отворени. Не се затворени. Се пристапува кон конзервација од страна на музеите. Еден Вардарски рид кој е број 1 како археолошки локалитет, минатата Влада не успеа да го конзервира или пак, би рекла сосема нешто друго. Гевгелискиот музеј не успеа да направи добра анализа и програма како тој да се конзервира и дополнително реставрира.

За жал, она што се случува во моментов е актуелна тема за дивите копачи. Само да ги потсетам моите колеги од областа на културата кои се пратеници овде, дека во Грција не постои терминологија див копач. Тоа е затоа што сите научници, сите археолози работат дефакто на своите локалитети и нема шанси да не бидат постојано на своето работно место. За разлика од кај нас, сите локалитети се отворени и ниту еден локалитет не е до крај реставриран, односно конзервиран.

Затоа ни се случува македонското културно наследство да е недалеку и во Италија и во Грција и во Њујорк ќе го најдеме. Навистина жалам, се надевам дека во иднина и Парламентот и Владата ќе имаат сериозен слух, особено околу делот на заштита на културното наследство. Ви благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Во салата има 61 пратеник, гласале 56, за гласале 10, воздржано 3, против 43.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на Раздел 19001 програма 6 потпрограма 62 ставка 425 и на Раздел 09002 програма 2 потпрограма 20 ставка 464, поднесен од пратеникот Азис Положани.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор претставникот на Владата.

**Трајко Славески:** Благодарам господине претседателе.

Со оглед на тоа што амандманот бара повеќе средства за заштита на лицата со душевни растројства и со оглед на состојбата во нашите институции што помагаат на овие лица, Владата ќе го прифати овој амандман со кој што се зголемуваат средствата во износ од милион денари.

**Љубиша Георгиевски:** Владата го прифати амандманот и според тоа овој амандман станува дел од ребалансот на Буџетот.

Отворам претрес по амандманот на Раздел 19001 програма 7 потпрограма 71 ставка 425 и на Раздел 09002 програма 2 потпрограма 20 ставка 464, поднесен од пратениците Азиз Положани, Рафис Алити и Зумрете Јакупи.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор претставникот на Владата.

**Трајко Славески:** Со овој амандман се обезбедуваат повеќе средства за Дирекцијата за радијациона сигурност во Министерството за здравство. Со оглед на важноста на оваа дејност Владата го прифаќа овој амандман.

**Љубиша Георгиевски:** Владата го прифаќа амандманот и според тоа овој амандман претставува составен дел на ребалансот на Буџетот.

Отворам претрес по амандманот на Раздл 19001 програма 5 потпрограма 58 ставка 425 и на Разел 09002 програма 2 потпрограма 20 ставка 464, поднесен од пратениците Азиз Положани, Рафис Алити и Зумрете Јакупи.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор претставникот на Владата.

**Трајко Славески:** Владата не го прифаќа овој амандман.

**Љубиша Георгиевски:** Владата не го прифаќа овој амандман.

Има збор господин Положани Азиз, повелете.

**Азиз Положани:** Почитувани пратеници,

Се надевам дека нема да создадам алергија кај некои пратеници што реплицираат за јавувањето или пак за предлозите на амандманите на Буџетот, бидејќи мислам дека е ова вистинскиот начин за афирмација на граѓанските права, промовирање на нивните интереси. Тука сме исте избрани за таа цел.

Пред да зборувам за овој амандман, сакам да кажам два-три зборови затоа што барав збор и за претходниот амандман што го прифати министерот, но вие не ми го видовте името и јас се повлеков, затоа ја кажувам мојата забелешка сега, во овој момент, доколку ми се дозволи.

Добра работа е што Владата ги прифати овие амандмани. Во однос на првиот не сакам да коментирам. причините се знаат. Секој ден ги гледаме на телевизија и преку медиумите.

Меѓутоа, што се однесува до второто има една специфика, го поздравувам прифаќањето на амандманот, но има една специфика што извира од фактот што треба Владата да знае, исто и министерот за финансии, дека се говори за една нова институција што се основа како обврска од Законот за радијација, за заштита од радијација. Има за цел, како регулаторен орган, независен, на независен начин да следи и да чува, на ниво на државата, од штетните зрачења.

Овој амандман е прифатен, тоа е добро, со што се зајакнува капацитетот на оваа институција, осамостојување. Целта на оваа институција е да биде самостојна институција, не да биде во Министерството за здравство, затоа што ние тука немаме атомска енергија, да ја наречам така, ниту енергија било каква. Ниту атомска централа. Евентуално можеме да бидеме држава за депонирање, меѓутоа мислам дека единствената закана што може да дојде кон граѓаните е радијацијата што доаѓа од рендгенските апарати и дијагностичките средства, опрема што се во здравствените институции. Нелогично би било, доколку органот што ги контролира, воглавно оние што ги користи Министерството за здравство, таа институција да биде во рамките на Министерството за здравство. И според законот и според барањето на Агенцијата за атомска енергија од Виена е да ова, колку што е можно побрзо се осамостои.

Во минатата Влада, кон средината, го направивме тоа. Во почетокот беше во Министерството за здравство, се етаблира од таму, меѓутоа не да остане во таа институција. Се надевам дека засилувањето со средства на институцијата ќе го олесни осамостојувањето на оваа институција од Министерството и да ја сочува улогата за што е предвидено основање според Законот за заштита од радијација, што го има донесено овој Парламент на почетокот на минатиот мандат или пак на крајот на претходниот мандат. Ова е обврска од Спогодбата што ја имаме потпишано за атомска енергија во Виена.

Верувам дека прифатениот амандман ќе ја олесни оваа работа, за што, кога ќе дојде буџетот ќе дискутираме.

Што се однесува до амандманот за кој што сега имаме расправа, како што вие го нагласивте, целта на овој амандман е практична. Очекувавме Владата да го прифати. Всушност, единствената програма во Владата што е предвидена за продуцирање на средства е од превентивните програми што се дел од Буџетот и е токму овој, Програма за заштита на мајките и децата.

Тука има и педијатри, во Парламентот има сигурно и гинеколози, знаете дека имаше и една друга иницијатива од органите и јавните здруженија врз основа на заеднички интерес за подобра и поефикасна заштита од болести што доаѓаат, не знам како му беше името, за што имавме и една тркалезна маса тука во Парламентот, и што, воглавно се стремат не само да се засили оваа програма, туку да се оддели Програмата мајки и деца и да имаме друга програма за заштита од рак на дојката, што рак е еден од најзачестените, поради разни причини и нема потреба тука сега да дискутираме за тоа.

Меѓутоа, во моментот кога се покренува едно такво прашање и е евидентен порастот на оваа болест, сакам да верувам дека е техничка грешка или пак е ненамерна грешка. Меѓутоа, сепак во ребалансот имаме една таква ситуација. Имаме редуцирање на средствата што се предвидени претходно за заштита на мајки и деца, што имаат една широк спектар на активности. За жал, до сега низ досегашните програми, тие не биле ставени во функција на превенција. Сакам да кажам, како лице што сака да претендира дека ги знае работите на овие програми, со тоа што не ја играат улогата за што се наменети во Буџетот, повеќе сум убеден дека се употребени за покривање на дубиози на здравствените домови и на нивните долгови. Со тоа, како намера, не се рализирала оваа програма.

Овие програми за превентива треба да се употребат за целта, за намерата за која што се направени. Ова е можеби дел на една поширока дебата што ќе дојде на дневен ред со буџетот, меѓутоа значајно е да барем тоа што е предвидено за мајки и деца оваа година да не се скрати. Затоа што здравствените домови, дури приватните лекари, зошто да не, имаат направено планови, изготвено планови врз основа на ова ниво на средства што се предвидени во буџетот. Сега, со ребалансот на Буџетот тие се намалуваат. Мислам дека ќе се наштети на оваа активност, на оваа програма, доколку овој амандман не се прифати.

Барам поддршка од господата пратеници, затоа што доколку некаде не се барало дополнување на средствата заради причини што ги наведов тука, тука имаме една поинаква ситуација. Барам враќање на средствата на претходното ниво за да не се прекине со проектот во време кога имаме и индиции за зачестување на оваа болест и поголема потреба од спектарот на услугите што во Програмата заштита на мајки и деца ги опфаќа во здравствената активност.

Затоа барам поддршка, да не се оштети оваа обврска во интерес на здравјето на мајките и децата во Македонија. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Збор има Јакупи Зумрете.

**Јакупи Зумрете:** Ви благодарам.

Почитуван господине Георгиевски, почитувани пратеници,

Би додала неколку збора во однос на предложениот амандман од ДУИ и ПДП.

Во образложението по повод ребалансот на Буџетот за 2006 година да се земе предвид нашата интервенција за зголемување на финансиските средства што во потпрограма 58, каде што се говори за финансиските средства, односно се говори за здравствената заштита на мајката и децата, вредноста од 15.520 да се замени со вредноста 25.520.

Свесни сме претходно дека оваа наша интервенција со амандманот нема да се земе предвид од страна на претставниците на Владата, но како и да е, добро е да се земе предвид оваа наша интервенција, бидејќи здравствената заштита на мајките и децата е значаен приоритет на Владата во однос на политичката класа за да се создадат стандарди за еден поздрав живот и иднина на нови генерации. Мислам дека измената на оваа вредност или разликата, треба да служи и да се искористи за згрижување на тој дел од населението што е позагрозено. Тоа доаѓа до израз, посебно во руралните делови и подрачја на Република Македонија, во неразвиените делови.

Овде можам да ја наведам и здравствената служба која постои како институција на пример во село Блаце, која не се користи како што треба. Поради тоа што не е платен персоналот, нема заинтересираност во оваа насока, која е доста чувствителна за целото здравство на нашето население. Во овие неразвиени делови и овие населени места каде институционалното згрижување на државата е на доста ниско ниво, не на потребното ниво кое го заслужуваат граѓаните, како и другите центри во другите подрачја, во кои на некои центри им е дадена поголема предност.

Мислам дека овој амандман ќе наиде на разбирање од нашите колеги и треба да му се посвети потребното внимание. Ние треба да ја помогнеме оваа категорија на граѓани, треба да мислиме и да се грижиме за подобар живот на сите граѓани. Имајќи го предвид значењето и ургентноста на примарната здравствена заштита на мајки и деца, ние како пратеници имаме човечка обврска во однос на граѓаните кои ги застапуваме а исто така и во целина во нашето општество во Република Македонија. Затоа, да го дадеме нашиот придонес таму каде што можеме да влијаеме за да имаме едно поздраво општвесто, бидејќи тоа е наш долг. Мислам дека се потребни повеќее финансиски средства, имајќи предвид дека мајката и децата се есенцијалната клетка на општеството, кои се многу деликатни и влијаат за општото здравје на нашето општество, а со тоа и во однос на нашата иднина, бидејќи превенцијата и здравствената заштита на мајки и деца зрачи на сите животни пори на нашите граѓани, значи на целата животна средина и нашето општество.

Исто така, имам забелешка дека никаде не се споменуваат финансиски средства за малигни болести и тоа го наведувам кај жените, особено ракот на дојката кој има голем залет, кој причинува смртност кај жените како во светот така и во нашата земја. Затоа, ценам дека за

здравствената заштита на жените треба повеќе да се ангажираме, да се формулира една стратегија и во однос на нивото на инвестициите, во однос на спречувањето на болестите кои ја напаѓаат оваа категорија на нашето општество. Значи жените како на пример во насока на овозможување на рано откривање овие болести, да се превенираат овие болести кај жените преку разни уреди давајќи приоритет на ракот на дојката. Тоа е едно високо ниво во однос на сите други малигни болести кои се јавуваат. Зошто да не се предвидат финансиски средства и за овој третман на ракот на дојката, кога знаеме дека третманот на ракот на дојката и цитостатиците се доста скапи. Овде имаме едно големо трошење на средства.

Исто така, имам и друга забелешка. Никаде не е наведена патронажната служба и тоа поливалентна патронажна служба. По се изгледа дека истата здравствена служба е вклучена во создавањето на здравствена превентива. Не се споменува една здравствена служба која има есенцијално значење за разрешување на трошоците во здравството, значи во секундарните и терцијалните услуги на здравството. Ова го велам за да укажам дека оваа служба секаде во светот има посебно значење, се инвестираат многу средства во оваа служба, а не само поради причината дека е клучен фактор во однос на спречување, како кај децата така и кај други генерации. Ова повеќе од други причини кои се многубројни. Патронажната служба и тоа поливалентната патронажна служба како независна служба која соработува со сите институции на системот и семејството во примената и реализирањето на здравствената заштита, преку превенирањето, лекувањето, рехабилитацијата на болестите и тоа воздигнувајќи го културното здравствено ниво. Со оваа служба се овозможува пораст на културната здравствена заштита и мојата цел е на ова значење да се посвети поголемо внимание, на оваа патронажна служба која е од приоритетно значење и тоа во развиените земји, каде се посветува големо значење и има земено голем залет на развојот во оваа насока. Тоа да стане една самостојна независна служба, затоа што преку здравствената едукација на семејството во економски, социјални, културни и еколошки услови на нашето живеење тоа се нуди преку оваа служба, овозможувајќи напредок на здравјето и на овој начин се намалуваат трошоците и финансиските средства во работата на поливалентните патронажни служби, преку стручните медицински сестри кои ќе бидат како здравствен сервис на семејствата во нивните домови, на тој начин опфаќајќи ги сите генерации во семејството, биолошките специфики, психофизичките специфики и репродукцијата на најчувствителниот дел на нашето населени, значи на мајките, но исто така и во однос на децата, опфаќајќи ги и многуте извори на телесните болести, меѓу кои има и постојани болести, хронични, душевни болести, социјални нарушувања и други болести. Патронажната служба ја гледаме како еден координатор кој координира меѓу државните институции и семејствата.

Уште еднаш апелирам да се посвети внимание и да се даде значење на оваа служба, а гледам дека ова е внесено во превентивата на болестите во примарната служба и тоа како бивалентно, бидејќи пред 2004 година оваа поливалентна служба го даде својот придонес, а плодовите со тек на време ќе дојдат, кога истите ќе дојдат до израз. Сега согледувам дека од оваа година стагнира оваа насока и се дава приоритет на бивалентната служба, која се занимава само со здравствената служба за мајки и деца, знаејќи дека сега наталитетот е во пораст и возраста на населението е во пораст, значи имаме постаро население, овде е значајно искажувањето на разни болести кои се актуелни, а исто така доаѓа до израз и откривањето на разни случаи бидејќи медицинската сестра комуницира со семејството во местото каде што живее и ги открива проблемите од аспект на насилството. Значи имаме уште едно откривање на семејно насилство и сл. Да не одземам повеќе време во оваа насока, сакам да кажам дека оваа служба има големо значење и барам сите да дадеме предност и поддршка, да посветиме повеќе финансиски средства, да се покачи вредноста која е предвидена со ребалансот, бидејќи има голема потреба од овие средства во оваа насока. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

За реплика се јави пратеникот Благој Зашов.

**Благој Зашов:** Благодарам господине претседател,

Со внимание ги ислушав говорите односно настапите на господин Положани и на госпоѓа Јакупи, и за малку ќе ме убедеа, особено гопспоѓа Јакупи која прочита убав говор, кој е убав говор за некој симпозиум на кој треба да се зборува за заштитата на мајките и децата. Реков дека содржината е извонредна. За малку ќе бев убеден дека ќе одговорам позитивно на нивните говори, на говорите на двајцата говорници, на нивното барање сите да дадеме поддршка на овој амандман, бидејќи направија голем напор да го сторат тоа со убави говори и убави зборови. Меѓутоа, сепак ќе гласам против затоа што констатирам дека од целата нивна пратеничка група само тие двајца се овде, како да другите не се дојдени да го поддржат токму овој амандман кој тие го предлагаат како пратеници од ДУИ.

Затоа, ќе гласам против амандманот.

**Љубиша Георгиевски:** Контра реплика за пратеникот Зумрете Јакупи, една минута.

**Зумрете Јакупи:** Давам предност на колегата, а после ќе зборувам јас.

**Љубиша Георгиевски:**Тогаш реплика за пратеникот Азис Положани.

**Азис Положани:** Бидејќи ми беше споменато името, односно пратеникот се повика на двата говори, јас имам контра реплика.

**Љубиша Георгиевски:** Повелете господине Положани.

**Азис Положани:** Почитуван господине Зашов, многу е лошо да го поврзете интересот на мајките и децата во Македонија со тоа кој и каде е денес, односно дали е во Парламентот или не. Мислам дека аргументацијата за не гласање ви е тотално промашена. Затоа, уште еднаш ве повикувам, немојте да ги поврзувате тие работи со судбината и потребата од подобра заштита и превенција на мајките и децата во Република Македонија. Мислам дека тоа е причината зошто треба да гласате, а не тие политички работи и вие имате право, но како аргумент тоа е слабо. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Процедурално има збор пратеникот Оливер Шамбевски.

**Оливер Шамбевски:** Благодарам претседателе.

Навистина би сакал да добијам објаснување врз основа на кој дел од Деловникот господинот Положани доби збор, бидејќи реплика нити се однесуваше на неговата дискусија нити беше насочена кон него и едноставно според Деловникот нема право на контра реплика.

**Љубиша Георгиевски:** Моето објаснување гласи: Тоа беше моја грешка. Ве молам да ме извините, а ја направив намерно со цел да го донесеме законот, зошто ако почнеме да комплицираме пак, може буџетот да го донесеме и во вторник, на 24 февруари. Дали не чувствувате дека време е да го донесеме ребалансот на буџетот. Малку чувство да имаме. Тоа е причината, инаку јас свесно го прекршив Деловникот. Ве молам, јас ја признавам грешкат. Продолжуваме понатаму.

Има збор пратеникот Миле Пачемски.

**Миле Пачемски:** Почитуван претседателе, почитувани пратеници, почитуван министре,

Тоа што го предложија како амамндман Азис Положани, Зумрет Јакупи и Рафис Алити треба сериозно да се разгледа, затоа што има основа и треба да биде прифатен. Имено, со ребалансот на буџетот предмет на расправа се околу 100.000.000 евра кои се вишок и кои треба да бидат подредени по разни ставки, категории, програми итн. Она што го гледаме ние овде во нашите материјали, со оглед дека се работи на вишок на средсгва, сите бројки кои се предмет на анализа се зголемени со овој предлог на ребаланс на буџетот. За жал, една од ретките програми и ставки кои се намалени со овој ребаланс е токму и оваа за оваа област за која сега се зборува, а тоа е здравствената заштита на мајки и деца. Имено , она што е предвидено во 2006 година, сумата е 25.000.000, а со ребалансот на буџетот сега се предвидува оваа бројка да се намали на 16.700.000 денари.

Со оглед дека мојата професија е тесно поврзана со она за што сакам сега да зборувам јас сум должен да ги кажам моите аргументи поради кои би го поддржал овој амандман.

Во целиот свет е познато дека здравствениот систем се цени односно неговата развиеност се цени според стапката на смртност на доенчињата. Во тој поглед се наоѓа Република Македонија? На последно место во Европа. Имено, според официјални податоци смртноста на доенчињата во Република Македонија во 2000-та година била 11,9 промили. Во 2004 година таа стапка изнесува 13,2 промили. За споредба, најниска стапка на смртност во Европа имаат Скандинавските земји Шветска, Финска и Норвешка, таа стапка се движи околу 2-3 промили. Понатаму друг параметар смртноста на децата до пет годишна возраст во Република Македонија изнесува 14,8 промили и по овој податок ние сме на последно место во Европа.

Друг параметар е смртта на родилките во Република Македонија во 1997 година изнесуваше 3,4 промили, во 2004 година таа порасна на 12,8 промили, а за споредба во регионот во Босна и Херцеговина смртноста на родилките изнесува 2,9 промили. Значи и по овие параметри ние сме на последно место во Европа.

Овие податоци не ни дозволуваат да кратиме од буџетот за оние кои се највулерабилни жители во Република Македонија.

Не би сакал понатаму да продолжам со мојата дискусија во поглед на наталитетот, каде и тој е во драстично опаѓање и намалување.

Не гледам илузии дека доколку го изласаме овој амандман, бидејќи се работи за една скромна сума на пари, тоа се околу 10.000.000 денари, дека со овие средства ние би ги подобриле сите оние параметри за кои што зборував. Меѓутоа, ќе дадеме сигурно еден допринос да овие ставки навистина бидат подобри во нашата држава. Јас би бил навистина среќен доколку постои таква можност, министерот за финансии да ги измени својот став и да даде поддршка на овој амандман.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор го заклучвам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Во салата се присутни 61 пратеник, гласале 57 пратеници, за гласале 11, воздржано 5, против 41 пратеник.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на Раздел 19101 програма 3 потпрограма 30 ставка 483 и на Раздел 09002 програма 2 потпрограма 20 ставка 464, поднесен од пратениците Агрон Буџаку, Рафис Алити и Џеват Адеми.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор претставникот на Владата.

**Трајко Славевски:** Амандманот не се прифаќа.

**Љубиша Георгиевски:** Владата не го прифаќа аманддманот.

Има збор пратеникот Азис Положани. Повелете.

**Азис Положани:** Би сакал, господине претседателе, на почетокот сепак да направам една мала дигресија во однос на процедуралното поврзано со тоа што вие се извинивте на колегата кој ви укажа тоа боже на вашата грешка.

Воопшто не беше грешка и мојата контра реплика беше умесна. Ќе ви докажам, а и вие не треба да се извинувате за нешто што не треба.

Господинот Зашов реагираше на двете дискусии и на мојата и на госпоѓата Јакупи. Секогаш не спомнуваше и мене и неа. Јас реагирам на тоа.

Сосема беше на место, мислам дека беше јасно и јас имам право да реплицирам затоа што тој имаше прилика да ми реплицира кога завршив со мојот говор. Вкупно реплицираше на двајцата. Нема никаква повреда во постапката. Тоа е за вас господине Георгиевски.

Што се однесува до предложениот амандман, почитувани претставници од Владата, почитувани пратеници, дозволете ми да аргументирам дополнително во недостиг на добра волја од страна на Владата за овие средства и за јавноста дека се зборува за средства кои се предвидени како помош од страна на Владата за продолжување на градењето на општинската зграда во Дебар.

Во моментот на децентрализацијата Владата е исто така обврзана да ги оспособи општините да ги преземат ингеренциите, меѓутоа, да имаат физичка можност за реализација на нивните должности во ситуација кога имаме ваква ситуација во Дебар кога е изгорена зградата на општината, институциите продолжуваат, па воопшто нема да биде добро ниту за граѓаните во Дебар, но и претендирањето на Владата дека сака да ја помогне децентрализацијата, да не продолжи или да не помогне во продолжување на започнатото градење на објектот во Дебар.

Јас не ги знам причините зошто господинот министер го одби овој амандман, не ги знам ни можните варијанти на компензација за градењето на овој објект за кој објект Владата има преземено обврска, бидејќи го одбива амандманот, што ќе се случи со овој објект и како ќе функционира понатаму општина Дебар.

Затоа мислам дека не усвојувањето или неможноста да се гласа еден таков амандман или да се прифати од Владата навистина ќе придонесе во блокирање на добриот од на работите во општина Дебар.

Уништувањето односно горењето на зградата не беше посакувано ниту зависеше од човечкиот фактор. Јас не знам што покажаа истражувањата, но знам дека било горење поради застарени инсталации, тоа е општина со стара традиција и со придонес како општина во општиот развој на Македонија, мислам дека има потреба од Владина поддршка оваа зграда да се заврши.

До колку парламентарното мнозинство не сака да гласа еден ваков амандман за дореализација на оваа работа, јас навистина мислам дека министерот за финансии му должи на јавноста, посебно на жителите на Дебар да каже што и како ќе се направи оваа општина до колку не се реалоцираат средства со вашиот глас, како ќе се изнајдат средства за привршување на оваа обврска преземена од страна на државата, а зошто да не кажам и морална кога се има во предвид потребата општината Дебар да има објект каде ќе се реализираат должностите затоа што се работи за урбана, традиционална општина со традиција за добар од на развој на Македонија како во општествен, културен и друг развој. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Министерот се јавува за збор, повелете.

**Трајко Славески:** Во поглед на тоа што одговорот на прашањето што го постави господинот Положани бара дополнителни консултации од законската регулатива во кој обем може централната власт да гради општински згради, згради на единиците на локалната самоуправа, Владата ќе ги испита сите можности во овој случај да најде начин да помогне и граѓаните на Дебар да имаат своја општина или зграда.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам, тоа значи статус скво, амандманот се одбива, но има поддршка.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Во салата има 61 пратеник, гласале 60, за гласале 4, воздржани 3, против 53.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот за изменување и дополнување на Буџетот на Република Македонија за 2006 година.

Молам, кој бара збор?

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по текстот.

Пред да гласаме, предлагам за Предлогот на Буџетот да гласаме во целина, освен за разделот 31101 наменет за Народниот правобранител за кој Собранието, согласно член 48 став 3 од Законот за Народниот правобранител гласа посебно.

Предлогот го ставам на гласање.

Ги повикувам службите да достават точен број на пратеници во салата.

Ги повикувам сите пратеници што се во Собранието да влезат во салата.

Во салата има 59 пратеници.

Уште еднаш ги повикувам сите пратеници да дојдат, ќе почекаме.

(Минуваат минути на чекање)

Ги повикувам пратениците да влезат во салата и да си ги заземат своите места.

Ве повикувам да гласаме.

Во салата има 61 пратеник, гласале 58, за гласале 57, нема воздржани, против 1.

Констатирам дека Предлогот е усвоен.

Преминуваме на гласање.

Разделот 31101 наменет за Народниот правобранител го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Ги молам службите да достават точен број на пратеници во салата.

(Службите ги пребројуваат пратениците).

Беше 61, сега сме 60.

Но, добро во салата имаше 61 пратеник гласале 60 од кои за гласале 59, воздржан нема, 1 против.

Констатирам дека Разделот 31101 наменет за Народниот правобранител е усвоен.

Предлогот за изменување и дополнување на Буџетот на Република Македонија за 2006 година во целина го ставам на гласање.

Давам 5 минути пауза, само 5 минути пауза да се соберат.

Ве молам да си седите на местата.

Ги молам службите да достават точен број на присутни пратеници во салата.

(Службите ги пребројуваат пратениците)

60 пратеници сме сега за сега, недостасува уште еден.

Тишина.

Ги молам координаторите да направат напор и воспостават контакт со пратениците кои се во зградата, но не се во салава.

Пет минути пауза за тоа.

Седете на своите места.

Во салата сме 61 пратеник.

Ве повикувам да гласаме.

Присутни се 61 пратеник, за гласале 61 пратеник, воздржан нема, против нема.

(Гласањето беше пропратено со аплауз).

Констатирам дека Собранието го донесе Изменувањето и дополнувањето на Буџетот на Република Македонија за 2006 година, со буџетите за 2006 година на Фондот на Панзиското и инвалидското осигурување на Македонија, Фондот за здравствено осигурување на Македонија, Фондот за магистрални и регионални патишта и Агенцијата за вработување на Република Македонија.

Благодарам, пауза за ручек до 15,00 часот.

(Паузата е дадено во 14,02 часот)

(По паузата седницата продолжи со работа во 15,00 часот)

**Љубиша Георгиевски:** Ги молам пратениците да влезат во салата и да ги завземат своите места.

**Продолжуваме со 10-та точка - Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за спречување на корупцијата, со Предлог на закон.**

Процедурално.

Георгиевска Ружа повелете.

**Ружа Георгиевска:** Почитуван господине претседателе, почитувани колеги пратеници,

Причината за моето обраќање е да го пренесам апелот за помош од граѓаните на Тетово за алармантната состојба доведена до степен на еколошка катастрофа која веќе подолг временски период го загрозува здравјето на граѓаните од градот Тетово, со палењето на сметот од дивата депонија.

Едноставното правото на воздух за дишење им е одземено на Тетовчани. Министерството за животна средина и просторно планирање иако има поднесено повеќе кривични пријави до јавното комунално претпријатие во Тетово и понатаму никаков резултат не дава.

Јас претходно многу се изразував од дискусиите на пратениците од ДУИ и ПДП за загриженоста на здравјето на нашите граѓани, на мајките и на децата. И токму тука сакам да им се придружам на нивниот апел за подобро здравје на нашите граѓани и да побарам и помош од нив да и тие заедно тука со мене, ако можат да апелираат до властите на локално ниво за оваа тешка еколошка катастрофа во која што се наоѓа градот Тетово, едноставно, можеби се овие и претешки зборови кои ќе ги употребам, но луѓето се чувствуваат како да се наоѓаат во гасна комора.

Јас сум постојано изложена на различен притисок, да го изнесам овој проблем кој се провлекува еден подолг временски период.

Трагедијата да биде уште поголема, во непосредна близина, каде што се пали овој смет се наоѓаат училиште за стедно образование, две осмолетки и две градинки. Само по себе тоа говори на каков начин се уништува здравјето на овие млади поколенија и со право сите од Тетово се загрижени за оваа катастрофална положба во која што се наоѓа градот.

Би се запрашале на некој начин кој од тој монструозен ум кој што го најде тој начин за да може. . . во ред, ќе прекинам. Тежината на проблемот налагаше да се обратам.

Благодарам претседателе.

**Љубиша Георгиевски:** Очигледно дека е далеку од темата и очигледно дека тешко може да се класифицира како процедурална интервенција, меѓутоа, од друга страна имајќи ја предвид возбудата на госпоѓата Ѓеоргиевска и самата интервенција каква е ситуацијата, сепак, не е ништо ако загубиме минута ипол.

Повелете господине Рафис Алити за процедурална интервенција.

**Рафис Алити:** Ви благодарам.

Јас мислам дека не е коректно од госпоѓата пратеник на овој начин да ја злоупотребува говорницата на парламентот. Доколку навистина е толку загрижена за состојбата на граѓаните во Тетово, доколку навистина е толку многу загрижена, нема да направеше злоупотреба на оваа говорница, туку сигурно во Тетово има надлежни органи со кои треба да се разговара за овие работи. Така што, доколку говориме за

сметот, или за глувците, или кучињата скитници во Скопје и бараме процедурално, мислам дека навистина не е коректно во однос на сите граѓани.

Јас апелирам и до претседавачот на седницата, навистина кога еден пратеник не бара процедурално за тоа што е на дневен ред, да не му се даде збор, бидејќи навистина зборот кој го доби пратеникот не се однесува на точката од дневниот ред. Велам уште еднаш, доколку навистина е толку многу загрижена би било сходно да оди кај градоначалникот и надлежните органи, а не да излегува на собраниска говорница и да прави политички маркетинг.

Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Се согласувам со тоа, но понекогаш, треба да разбереме одредени исклучоци. На пример, исто така вие господине Алити добивте збор кога беше алармот за тетовскиот Унвиерзитет, па не беше страшно. Исто вас ве опоменав, како што ја опоменав госпоѓата Георгиевска. Се случува понекогаш. Тоа е изненадно. Јас не знам што ќе се случи и избегнувам да упаѓам во збор на луѓето. Не е учтиво и не е добро.

Ве молам, да не се оддалечуваме од темата. Ве молам господине Алити, да дадеме значење на овој исклучителен Предлог закон. Сега да продолжиме.

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот, извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Има збор претставникот на Владата.

**Сашо Василевски:** Почитувани пратеници, дами и господа,

Примената на законот за спречување на корупцијата започна по именувањето на членовите на Државната комисија за спречување на корупцијата на 12 ноември 2002 година.

Државната комисија за спречување на корупцијата како надлежна за имплементација на законот преставува институционализиран облик за независно и самостојно функционирање во оперирање со корупцијата. Остварувњето на надлежностите на Комисијата, особено во делот што се однесува на спречувањето на корупцијата во политиката изразено преку активностите во рамките на следењето на изборите ги разоткри недоречностите во решенијата на Законот кои се однесуваат во оваа област.

Оттаму, предложените измени и дополнувања во одредбите од Главата 2, спречување на корупцијата во политиката се иницирани од појавата на политичките партии и организаторите на изборните кампањи. Своите изборни активности да ги започнуваат многу порано од официјалните датуми за отпочнување на истите и притоа да нема норматива со која ќе се санкционира таквото однесување.

Дотолку повеќе што со новото изборно законодавство времетраењето на изборната кампања е значително намалена и изнесува само 20 дена.

Со предложените измени се создаваат претпоставки за санкционирање на можните незаконски постапувања, како што се нови инвестиции и вонредни исплати, со користење на буџетски средства што би се извршиле во периодот пред официјалното започнување на изборната кампања, односно од донесувањето на одлуката за распишување на изборите па се до нивното завршување.

Забраната за користењето на средствата на политичките партии, покрај на против правни се проширува и на анонимните избори, од причина што основниот постулат во спречувањето на корупцијата е целосна транспарентност и тоа особено во финансирањето на политичките партии, како и изборните кампањи.

При последните измени и дополнувања на Законот, направени во текот на 2004 година, се прошири обврската за објавување на имотната состојба на службените лица, во која категорија најбројни се сепак, државните службеници.

Во периодот од примената на овие одредби, практиката покажа дека е неможно анкетните листови на оваа категорија службени лица да бидат прифатени во Комисијата, пред се, заради нивниот значителен број, како и заради ограничениот капацитет на Комисијата.

Со овие измени на законот се предлага решение според кое анкетните листови на оваа категорија службени лица ќе се доставуваат, чуваат и ќе се врши увид во органот каде службеното лице е во работен однос. Анкетните листови на Комисијата ќе и бидат доставени по нејзино барање.

Со одредени дополнувања на одредбите се отстрануват и воочените слабости во однос на постапувањето со анкетните листови, како што е прецизирањето на роковите за доставување на истите, по разрешувањето или престанувањето на вработувањето во случаите кога лицата без прекин се именуваат во иста или нова функција.

Новината што со овие измени се предлага е јавноста на содржината на анкетниот лист, односно на имотната состојба на избраните и именувани функционери, што е усвоена практика во европските земји во кои се следи имотната состојба на носителите на функции, пред се како што е во Велика Британија, Романија, Литвија, Латвија, Хрватска, Црна Гора и Албанија.

Дополнувањето на законот со новите одредби што се однесуваат на постапката за изменување на членовите на Државната комисија е од особено значење за уредување на ова прашање заради изборот на членовите на Државната комисија во следниот мандат.

Овде веднаш сакам да го најавам амандманот што на Предлогот за донесување на законот за изменување и дополнување на Законот за спречување на корупцијата ги поднесува Владата на Република Македонија, а се однесуваат на

статусот на членовите на Државната комисија. Имено, имајќи ги предвид искуствата од досегашното функционирање на Комисијата, како и интенциите за обезбедување на што повисок степен на независност на ова тело, се оцени за опортуно членовите на Комисијата и во следниот состав функцијата да ја извршуваат без професионален статус. Со тоа уште еднаш се потврдува определбата на оваа Влада да ја манифестира веќе искажаната волја за справување со корупцијата со која ќе предложи решение со кое ќе се обезбеди висок степен на независност на ова тело.

Пропишувањето на процедурата за избор на членовите, а тоа е конкурс што ќе го спроведува надлежното тело на Собранието на Република Македонија, како и изборот на претседателот од самата Комисија е исто така во функција на обезбедување на независниот статус на Комисијата.

Се зајакнува и отчетеноста на членовите на Комисијата од аспект на тоа што анкетните листови за нивната имотна состојба ќе се доставуваат до надлежното собраниско тело кое ќе постапува и во случај на прашања за судирот на интересите на членовите на Комисијата.

Досегашното функционирање на Државната комисија детектираше и проблеми во комуникацијата со некои органи и тела, што е од друга страна отежнувачко во реализирањето на конкретните надлежности на Комисијата. Тоа е повод со овие измени да се предложат и дополнувања на одредбите што се однесуваат на обврската на субјектите да постапуваат по барањата на Комисијата како и одговорност во случај на непостапување.

Со овие измени и дополнувања на законот се користи можноста да се направи усогласување на одредбите од Законот за прекршоците, односно паричната казна да се замени со глоба.

Заради избегнувањето на можноста функцијата на постојаните членови на Комисијата да престане пред изборот на новиот состав, на Комисијата со преодните одредби и се предвидува продолжување на нивната функција до изборот на новите членови.

Почитувани пратеници, очекувам предложените измени и дополнувања на Законот за спречување на корупцијата да бидат прифатени од Собранието, а со тоа и да се донесе законот, со што ќе се искаже уште еднаш предност за поинтензивна примена на мерките и активностите во функција на превенцијата на корупцијата во Република Македонија. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Процедурално се јави господинот Јани Макрадули.

**Јани Макрадули:** Почитуван претседателе, најискрено немавме намера да бараме стенограм од излагањето на заменик министерот, бидејќи пред се, очекував министерот да дојде, но мислам дека искажа во однос на професионалниот состав заменикот министер различно нешто од министерот и од амандманот. Па би барал пауза, во име на пратеничката група од еден час да го добиеме стенограмот.

**Љубиша Георгиевски:** Пауза од половина час по барање на Координаторот на пратеничката група на СДСМ.

(Пауза од 15,21 часот)

(По паузата)

**Љубиша Георгиевски:** Продолжуваме со седницата.

Збор има Младеновска-Ѓорѓиевска, повелете.

**Мери Младеновска-Ѓорѓиевска:** Почитуван претседателе, почитуван заменик министер, почитувани колеги пратеници,

За да можеме да дебатираме за измените и дополнувањата на Законот за спречување на корупцијата, мислам дека најнапред треба да го поставиме прашањето кои се причините поради кои е дојдено до овие измени и дополнувања. Само да потсетам дека Законот за спречување на корупцијата е донесен во 2002 година, со тој законски текст се исполнети меѓународните стандарди во оваа сфера. Потоа, следеа и измени и дополнувања на Законот во 2004 година беше утврдено од страна на Законодавно-правната комисија во Собранието и пречистен текст на Законот и основниот текст на Законот, измените и дополнувањата кои во себе ги имаат содржано меѓународните стандарди, оние што се предвидени во Конвенцијата на Обединетите нации против корупција од 2003 година, кога Република Македонија ја потпиша во 2005 година и третата Ратификација.

Во тој текст на Законот е пропишано дека членовите на Државната комисија за пречување на корупцијата ја вршат професионално, мислам на текстот од 2004 година. Но, исто така, е предвидено дека овие измени и дополнувања од 2004 година, ќе почнат да се применуваат во делот на Комисијата и нејзиниот состав по истекот на мандатот на постојната Комисија. Значи, на 12 овој месец 2006 година истече мандатот на Комисијата и дека наредниот состав треба да биде составен од професионалци. Во тој текст не беше прецизно дефинирана постапката за избор на членовите на Комисијата и токму затоа основните мотиви поради кои се започна постапка за измени и дополнувања на Законот, е да се дефинира постапката на изборот на членовите во Комисијата, кои функцијата треба да ја вршат професионално. Покрај останатите причини кои значеа надминување на слабостите кои беа лоцирани од функционирањето на Комисијата и секако нашите тенденции да ја зајакнеме таа превентивна функција во спречувањето на корупцијата. На оваа тема работеше и претходната влада и токму во соработка со Државната комисија за спречување на корупција. Тој текст на работна верзија не беше пуштен во постапка поради претстојните парламентарни избори во 2006 година. Покрај оваа основна причина, како што спомнав, за измени и дополнувања, постоеа и други како што е усогласување со веќе усвоениот Закон за

прекршоци и потоа предвидување на информации за имотната состојба за членовите на Изборната комисија и т.н.

Сега ќе продолжам со тоа што се случува во овој парламентарен состав. Ние како пратеници добивме еден текст на Законот кој е со датум октомври 2006 година и во тој законски текст имаше одредби кои го дефинираат начинот и постапката на изборот на членовите на Државната комисија за спречување на корупција како професионалци, со тоа што нивниот избор заради континуитетот во работата на Комисијата во првиот мандат ќе биде различен за одреден број на членови, од кои еден дел ќе бидат со мандат од 5 години, еден со мандат од 4 години, за да може Комисијата да има континуитет. По тој текст на Законот беа закажани седници на комисиите, овде во Парламентот, се расправаше, но ден или два по завршување на работата на комисиите ние добивме амандмани доставени од Владата, откако истекоа сите рокови во кои можевме да доставиме амандмани како пратеници, со кои повторно се враќаме на стариот текст на Законот. Нема повеќе професионален мандат, нема веќе континуитет во работата со различно времетраење на мандатите, туку имаме членови кои на Комисијата и кои работата ќе ја вршат непрофесионално и чиј мандат ќе биде еднаков во траење од 5 години од моментот кога ќе бидат избрани. Кога ги добивме материјалите за Законот, дури колегите од внатрешноста не ни успеаа да ги добијат материјалите, а роковите веќе истекоа за амандмани и Законот се најде на дневен ред. Тоа е формалната страна и ние не можеме да избегнеме од тоа, бидејќи преку формата доаѓаме до содржината.

За самиот текст на Законот во однос на ова прашање за составот на Комисијата, имавме можност преку медиумите да го слушнеме и лично министерот за правда. Жал ми е што тој денес не е тука, бидејќи има искуство и како член на Државната комисија за спречување на корупција, го кажа својот став дека се залага за професионален ангажман на членовите на Комисијата. Иако, имавме можност да слушнеме дека дел од членовите на Комисијата за спречување на корупцијата имаат поинаков став. Не знам што се случи дополнително, не сакам да верувам дека некој би можел да му направи притисок на министерот за да го смени својот став и да предложи амандмани до Владата, а потоа Владата сите да ги достави со што се враќаме на старо решение, спротивно од тоа што е став на министерот, како човек во чии раце е ресорот правда и кој одговара за оние решенија кои што ги предлага во Парламентот.

Морам да истакнам дека она што се случуваше и во формалната за еден од аспект на формата, навистина значи замолчување на опозицијата. Повторно и со овој законски текст се користи можноста преку процедуралните трикови да се спречи дискусија од страна на опозицијата, а тоа се прави преку злоупотреба на Деловникот со процедурални трикови да се спречи дискусијата од страна на опозицијата. Да повторам, дека Законодавно-правната комисија со гласовите на пратениците од позицијата зазема став дека по започнување на претресот по Законите, не може да се доставуваат амандмани. За сето тоа, користејќи го како покритие член 166 од Деловникот на Собранието.

Но, почитувани колеги, во правото има граматичко и логичко толкување и ако на тој начин го читаме внимателно тој член од Деловникот, навистина е јасно дека улогата на овој член е на пратениците да им се даде можност да расправаат за прашањата за кои се одлучува во Собранието. Затоа, не е случајно решението кое предвидува дека кога се работи за акти за кои се расправа по итна постапка, амандмани се доставуваат, се поднесуваат до заклучување на расправата. Тоа уште повеќе значи и за сите други акти кои одат во редовна или кои одат во скратена постапка. Не смее да се злоупотребува последниот став од член 166 дека само подносителот може да доставува амандмани до крајот на расправата. Токму подносителот го има ова право за да може да интервенира онаму каде што ќе произлезе потреба врз основа на претходно усвоените амандмани. Мислам дека со ваквиот начин на работа во Законодавно-правната комисија и овде во Парламентот, навистина не може да работиме квалитетно и не можеме да носиме правилни решенија. Ако претходно навистина врз основа на претходниот текст што беше доставен, имавме мотив да размислуваме дали ќе го поддржиме Законот, затоа што имаше прашања како што е професионалниот состав за кои што можеше да расправаме и покрај други недоречености, како што е претседателот и т.н., сега навистина овој мотив отпаѓа. Владата замолчувајќи ја опозицијата со правни средства си дозволува волонтаризам. Тогаш, се прашувам, навистина каква е улогата на пратениците ако не можеме да дебатираме и да нудиме решенија преку амандманска расправа. Навистина сме ставени пред свршен чин.

А, сега, со ова решение што е дел од амандманите повторно се нуди решение членовите на Комисијата да бидат волонтери. Не би рекла волонтери, бидејќи имаат соодветен надомест за својата работа, но непрофесионалци, кои ќе бидат растргнати меѓу својата професионална работа и работата во Комисијата. Верувам дека и ако овие членови на Комисијата бидат искрени, ќе кажат дека навистина би било напорно да го достигнат тоа ниво на работа што го имаше Комисијата, трчајќи меѓу своите професионални обврски и активностите во Комисијата. А, ние сепак треба да ставиме акцент на прашањето за спречување на корупцијата и треба да ангажираме луѓе кои навистина целосно со својата работа ќе бидат посветени на ова прашање. Зошто го споменувам ова прашање? Го споменувам и заради судирот на интереси. Овој законски текст треба да следи во Парламентот. Во прва фаза помина во претходниот парламентарен состав и мислам дека од ова

прашање не смееме да избегаме. Ако во Законот е предвидено дека членовите на Комисија за спречување на корупција треба да бидат со формално правно образование и од сферата на економијата, тогаш секоја нивна работа во професијата ќе значи судир на интереси со работата која ја работат во Комисијата. Или пак, можеби треба да се ангажираат психолози или инжењери или луѓе со некое друго образование, за да немаме судир на интереси. Можеби Владата пак, нема намера да го пушти овој Закон во процедура, бидејќи тоа ќе и создаде дополнителна работа, можеби ќе треба да разреши многу функционери или пак да расправа за други прашања кои веќе се наметнаа како судир на интереси, иако формално правно сеуште не се покриени со закон.

Ќе ги споменам и годините на мандати. Во првото решение имавме мандат на членовите од 5 односно 4 години за да можат секогаш да останууваат одредени број на членови кои ќе овозможат континуитет во работата. Сега го нема тоа. Наспроти ова како измена од тоа што требаше да биде тенденција на Законот, Владата нуди решенија, претседателот на Комисијата да биде претседател од почеток до крај. Значи, едно исто лице да биде претседател на Комисијата 5 години. Од првиот момент кога се избираат членовите додека да им престане мандатот. Сметам дека ова е во спротивност со функцијата на Комисијата како колективно тело, во кое сите членови треба да бидат рамноправни, во кое не треба да има разлика меѓу членовите. Ова ќе овозможи претседателот со својата позиција да се наметнува над останатите членови од позиција на функцијата што ја има, а тоа не е добро.

Ќе поставам и уште едно прашање на кое требало да внимава Законодавно-правната комисија, наместо да се ограничува во расправата, треба и пошироко да расправа, тоа е од формален аспект, но за тоа не можело да се размислува во времето кога е носен законот или пак кога се усвојувани измените и дополнувањата, затоа што не беа усвоени амандманите на Уставот од 2005 година, а тоа значи јасна дикстинција, потреба од јасна дикстинција помеѓу прашањето за престанување и разрешување од функција. И кај судиите претходно во претходниот текст на Уставот имаше само еден термин, меѓутоа, сега направивме дикстинција со престанување на функција, наведување на основите поради кои престанува функцијата и поради кои може да се разрешат членовите. А, со ова решение се задржува постојното во кое под поимот разрешување се подразбира и разрешување кога сам ќе го побара членот тоа, кога ќе се утврди дека трајно ја изгубил способноста да ја врши таа функција, кога ќе биде осуден на кривично дело повеќе од 6 месеци и тука треба да се каже “со правосилна судска одлука повеќе од 6 месеци”, што значи да се следат одредбите од уставните амандмани. Но, тоа не е направено. А, има и едно прашање кое јас, напротив, можеби некои кои сметаат поинаку не се согласувам, а тоа е прашањето, дали членовите на Комисијата можат да бидат недопирливи за целото времетраење на мандатот. Значи, за сите 5 години за кои ќе бидат избрани, затоа што не е предвидено разрешување поради нестручно и несовесно работење. Јас навистина го поддржувам ставот дека една од причините за измени и дополнување на Законот и јакнење на независната позиција на Комисијата, иако сметам и сега дека и со постојното решение Комисијата е независна, но сметам дека ова се прави на погрешен начин. Никој не може да биде недопирлив и да не подлежи на законска обврска да одговара ако нестручно и несовесно ја врши својата работа. Тоа значи дека и самите членови на Комисијата ако утврдат дека некој апсолутно спротивно на закон ја врши својата функција во Комисијата, никој нема да може да покрене постапка за тоа. Ниту тоа може да го направи Комисијата, ниту пак тоа ќе можат да го направат оние кои ги избираат членовите на Комисијата или она тело како што е Парламентот. Мислам дека треба да постојат такви одредби и сите ние како граѓани би биле најзадоволни ако тие одредби воопшто никогаш не се искористат. Значи, да имаме такви членови на Комисијата кои нема да заслужат такво постапување. Но, секако, заради јакнење на одговорноста сметам дека е тоа потребно.

Исто така, имам и забелешка во однос на исполнување на услови за разрешување. Го користам тој термин, бидејќи овој текст на Законот само тој термин го познава и тоа со мнозинство гласови од вкупниот број членови. Државната комисија може да поднесе иницијатива за разрешување на член на државна комисија до Собранието на Република Македонија кога сам тоа ќе го побара, кога трајно ќе ја загуби способноста за вршење на оваа функција, а што се подразбира под тоа, тоа е друго прашање. Сметам дека овие одредби навистина не се во функција на спречување на корупцијата. За спречување на корупцијата и на планот на генерална превенција и на планот на специјална превенција, навистина, потребна е синхронизирана работа на сите надлежни органи. Факт е дека Комисијата има улога на превенција дека оние органи кои што се надлежни за репресија, исто така, треба да си ја вршат својата работа, но мора да постои синхронизација. Треба навистина да се работи, за да се откријат тие што навистина незаконски стекнуваат имот тогаш кога за тоа може да се обезбедат докази, кога тоа може да се докаже и кога тоа ќе послужи како доказ во судските постапки, секако, за да го почитуваме Законот. А, решението само со следење на имотната состојба не е ништо друго, туку селекција и отстрел на оние за кои ќе се јави потреба. Ова го споменувам само заради тоа што ме плашат одредени написи во весниците, кои не би сакала да се остварат, а во контекст на причините поради кои се поднесени овие амандмани, а тоа е измените да се прават само за да може во Комисијата да се сместат веќе договорени кадри, кои најмалку би биле членови

заради својата професионалност, а многу повеќе заради својата партиска ориентација.

Да завршам, почитувани колеги, со овој Закон наместо да се јакне независноста, се јакне неодговорноста. Наместо да се јакне професионалноста, се зајакнува непрофесионалноста. Токму затоа, сметам дека овој Закон не значи спречување на корупцијата, не значи борба против корупцијата, ние можеме да дебатираме колку што сакаме, но никој не може да ме убеди во спротивното. Токму затоа, јас нема да го поддржам овој Закон.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Збор има господин Јани Макрадули. Повелете.

**Јани Макрадули:** Почитуван претседателе, почитувани колешки и колеги пратеници, претставници на Владата.

Јас ќе се придружам на она што е како констатација или само ќе ја проширам последанта констатација на мојата колешка Мери Младеновска, а тоа е дека заради низата аномалии во овој законски предлог, пратеничката група на СДСМ нема да го подржи овој закон и ќе се обидам тоа и да го објаснам.

Најпрвин, за жал стана пракса на воведот на дискусијата мора да дадеме некој процедурален тон затоа што сметам дека работите не одат во правец на она што не се само забелешк само на опозицијата. Видовме, тоа јасно и експлицитно го посочи и Европската комисија во својот извештај која постојано зборувајќи и повикувајќи на дијалог, сега ги уфрли и зборовите “особено во Собранието” и не за џабе Европската комисија во својот извештај го посочува дијалогот во Собранието, или процедурата што ја имаме овде во Собранието.

Овој предлог на закон ја има истата филозофија, или ја следи филозофијата што ја имаше Законот за полиција каде, кога господинот Груевски требаше да замине во Брисел понуди еден предлог на закон. Тоа се оценува некако позитивно. Потоа, со амандман суштински се менува содржината на законот, а опозицијата е ускратена од предлагање на амандман кој го поднела Владата. Ние можеме да донесеме сто деловници, можеме да донесеме експерти од сто земји, но непостои Парламет во Европа каде Владата кога ќе поднесе амандман да им биде ускратено правото на пратениците да дадат свој амандман, без разлика дали се позиција или опозиција, зборувам за институцијата пратеник.

Слично на тоа, на 1ноември 2006 година, во 15,30 часот, до претседателот на Собранието Владата поднесува законски проект каде начинот на избор и статусот на членовите на Државната комисија за спречување на корупцијата имаат статус на професионални членови и тоа во јавноста се оценува позитивно, бидејќи било согласно препораките, заложбите, било согласно “заложбите на министерот Маневски” кога бил претседател и член на Државната комисија за спречување на корупцијата и нормално поминува времето за амандманите. На 7 ноември комисиите расправаа за овој закнски проект и Комисијата за политички систем и Законодавно правната комисија. И сега не само пратениците од опозицијата, тоа го зборував и за ребалансот на Буџетот, и пратениците од опозицијата се ставаат во една непријатна ситуација бидејќи го фалат овој законски проект и кажуваат многу е добар, професионален состав, ја палат оваа одлука на Владата, медиумите се задоволни, конечно ќе имаме професионалци, нема да имаме партиски членови, како господинот Маневски кога беше член на Државната комисија за спречување на корупцијата. Потоа на 9 ноември Владата предлага амандмани со кои суштински го менува овој законски проект. И сега се наоѓаме во една фаза каде ние сега ќе поднесеме амандмани и очекувам по истите да се расправа, бидејќи се амандмани на член 16 кој се однесува на член 48 од Законот во кој сметаме дека заложбите што во изминатите ги имале членовите на Државната комисија за спречување на корупцијата, да имаат професионален состав, што се гарантира поголема независност на делото, на тоа и да опстоиме сите како пратеници.

Уште една процедурална забелешка, согласно Деловникот, согласно член 160 од Деловникот за работа на Собранието, кој е важечки, пишува дека со предлогот на законот се поднесува образложение за причините поради кои се донесува законот, ги читам став 2, односите кои се уредуваат со законот, тоа е направено, податоците за износот на финансиските средства потребни за спроведување на законот, но и начинот за обезбедување на тие средства, што во овој законски предлго го нема. Значи ако погледнеме на крајот од предложените измени на законот, пишува дека потребни се одредени средства и вели “ За спроведување на овој закон потребни се дополнителни (значи не се тоа финансиски средства што биле предвидени со Буџетот, не ги спомна никој ни во ребалансот на Буџетот)финансиски средства и тоа за тековната година 270 илјади денари и за секоја наредна година 3.300.000 денари”. Од каде? Значи, согласно член 160 треба да се каже овој износ, како што се бара го пишува, но не пишува за начинот на обезбедување на тие средства дали ќе бидат од Буџетот, дали ќе бидат од некои приватни фондови, дали ќе бидат од донација. Затоа, почитуван претседателе, мислам дека и Комисијата за финансирање и буџет, согласно овој Деловник, бидејќи предлог законо ангажира финансиски средства, што претпоставувам дека се од Буџетот, мора да заседава и мора да ги погледне овие работи, да видиме дали овие средства се усогласени со ребалансот на Буџетот што ова Собрание го усвои денеска. Затоа мислам дека имаме уште едно процедурално отворено прашање, што во овој момент мораме да го решиме, или вие да ја повиката Комисијата за финансирање и буџет, да расправа и да видиме овие средства што се предвидени овде, на кој начин ќе се најдат во законот, бидејќи тој стапува во сила осмиот ден или од денот на објавување во Службен весник.

Заменик министерот зборуваше малку за воведот. Јас попрецизно ќе го цитирам она што го напишала Владата, испраќајки го овој предлог закон до Собранието односно зборуваше за историјатот на борбата против корупцијата, ќе се согласам, најголемата ракрана на Република Македонија, нешто што не успеавме сите ние да го решиеме во изминатите 15 години, што е најголема болка за сите граѓани во Република Македонија, по мое мислење, за патот на Македонија кон Европа и НАТО.

Да се потсетиме, алиби донесениот закон во 2002 година имено во мај 2002 година не најде своја примена, кога ВМРО-ДПМНЕ беше на власт, затоа што во тој момент не ја формира Комисијата. И како што самата Влада односно господинот Никола Груевски кој е потписник на предлогот вели:" Иако законот влезе во сила на 3 мај 2002 година, неговата непосредна примена започна по именувањето на членовите на Државната комисија за спречување на корупцијата, на 12 ноември 2002 година". Мислам ние се конституиравме на 4 октомври, на 3 ноември 2002 година беше изборот на Владата и веднаш како прва работа што ја направивме во заложбите за борба против корупцијата, беше формирањето на Комисијата и тогаш постоеше дијалог овде во Собранието и на Комисијата за избор и именување, или во соработка со другите координатори, ВМРО-ДПМНЕ за свој член го предложи Михајло Маневски и на никој на крај памет не му паѓаше да не ја изгласаме тогаш комисијата. Така работевме ние. Сега ќе видиме на кој начин денешното мнозинство, денешниот претседател на Комисијата за избор и менување, ќе постапи. А какви идеи тогаш имаше ВМРО-ДПМНЕ, ќе го цитирам потоа нашиот колега Влатко Ѓорчев.

Факт што Државната комисија за спречување на корупцијата беше формирана во Собрание со еден општ консензус, во тој момент во една транспарентна јавна дебата овде и даде почетен мотив и мислам почетна сила на Комисијата и таа цело време ладираше помеѓу различните мислење внатре во себе и ладираше во ставовоите што ги изнесуваше по многу прапшања оптоварени со политичките збиднувања. И не ни вреди што во 2002 година најголем критизре тогаш на Комисијата за политички систем беше сегашниот пратеник од НСДП, Иван Анастасовски, кога сега ќе се најде веројатно во поддржувач на овој закон, бидејќи земеникот минстер кој доаѓа е од редовите на НСДП, иако стенографските белешки што ги побарав и добро е што ги побарав, кажувате различна работа од министерот. Очекувам јавно да кажете дали е тоа лапсус што го направивте, или во коалицијата имате проблем за тоа дали составот на членовите на Државната комисија за спречување на корупцијата, треба да бидат професионалци или не треба. И повеќето од времето односно сите се зафативме со тоа каков да биде статусот на членовите на Комисијата.

И во минатиот состав имаше многу дилеми. Членовите на Комисијата во почетокот беа оптоварени и со тоа колку средства ќе добиваат, знаете имаше многу дебата, бараа како надоместок 40 илјади денари, па парламентарното мнозинство, или преку Комисијата за избор и менување ги ограничи тие средства и тие си добиваа со некој критериум, согласно другите надоместоци на функционери кои се избрани овде во Собранието.

За поефикасна работа Државната комисија за спречување на корупцијата има своја државна програма, си направи, за превенција и репресија на корупцијата и матрици и акционен план за имплементација. Верувам дека господинот Маневски учествивал во изработката на таа државна програма, бидејќи е предложена едногласно, како што пишува овде од Државната комисија за спречување на корупцијата, каде во поголеми пречки за спречување на корупцијата во Република Македонија, се дефинирани, непостоење на независни институции за превенција и репресија на корупцијата, или неусогласеност на делови од националното законодавство, со меѓународните стандарди. Во Државната програма за превенција кога зборува за тоа кои се тие ефикасни мерки или на кој начин подобро ќе се справиме со корупцијата, во делот 5, точка 6, поднаслов - Постојаност на државата програма, се вели: "Имајќи предвид дека целосната елиминација на корупцијата е невозможна, крајната превенција како и откривањето, сузбивањето и казнувањето на пројавените облици на коруптивни однесувања, претпоставуаат постојаност во сите мерки и активности за превенција и репресија на корупцијата". Поради тоа Државната програма претставува документ кој во сите фази од подготовката за имплементацијата мора да биде сеопфатен и целосно реализиран. На овој начин таа ќе има трајна вредност и ќе овозможи поставување на нови основи за општественото и политичкото живеење во Република Македонија.

Сега, зошто господинот Маневски во 2003 година кога ја подготвувале Државната програма за превенција, мислел дека професионалниот состав е решение и нуди поголемо независност, тоа го мислел и на 1 ноември, ама го сменил мислењето на 8 ноември, па предложил...

**Љубиша Георгиевски:** Ве молам мислењата на личности во чиј разум не сте, немојте да ги коментирате. Како мислеле, од кога до кога, тоа е нивни проблем.

**Јани Макрадули:** Тоа е проблем на Република Македонија. Претседателе пред малку се пофаливте дека не упаѓате во збор на никого, ама изгледа тоа го направивте бидејќи беше пратеничката од ВМРО-ДПМНЕ.

Господинот Маневски е официјален претставник на оваа точка.

**Љубиша Георгиевски:** Како вие можете да тврдите што мисли некој од 1 до 7. Тоа е негово

право да мисли и незнаете што тој мисли. Според тоа држете се до темата.

**Јани Макрадули:** Проблем е кога министрите на 1 ноември предлагаат еден закон, а на 9 друг закон. Тоа ќе биде за граѓаните проблем.

**Љубиша Георгиевски:** Тоа е проблем, ама што мисли тој, не е ваш проблем.

**Јани Макрадули:** Проблем е на Република Македонија.

Министерот на една Влада, без разлика од која партија е, со сите атрибути што ги има, не може да го смени мислењето за 7 дена. Ве молам претседателе, зборувам за институцијата министер, не зборувам за конкретно име. Лошо е кога минстерот на 1 ноември мисли едно, а на 7 ноевмри мисли друго. Лошо е.

**Љубиша Георгиевски:** Тоа е нешто подобро за институцијата.

**Јани Макрадули:** Добро вие така мислите, само што повторно ќе ве потсетам. Пред малку ветивте и ве пофаливме дека не влегувате во збор на пратениците, само изгледа, кога зборуваше пратеникот од ВМРО-ДПМНЕ, тогаш важеа други критериуми, без разлика што зборуваше за палењето на ѓубрето во Тетово што веројатно е 276 член од Деловникот за работа на Собранието. Затоа ве молам претседателе, предлагач е господинот Маневски, а потпишан господинот Груевски. Тој како предлагач не може да биде амнестиран. Тоа што тој не е овде, тоа е друг проблем, бидејќи заменик министерот кажува друго. Сега на кого да му веруваме. Тито Петковкси не е тука за да провериме што е точно.

**Љубиша Георгиевски:** Не, нема потреба. Направивте една дигресија, ве предупредив. Не е страшно. Ако направите уште една, ќе ви го земам зборот бидејќи така е по Деловникот.

**Јани Макрадули:** Значи, Државната програма за превенција што е изработена од Државната комисија за спречување на корупцијата во која член бил господинот Маневски, во точката 8 кажува, во подрачја за примена на Државна програма, субјекти, точка 8.1, Државната комисија за спречување на корупцијата и таму посочува колку е битна независноста, колку е битен професионалниот статус на членовите на Државната комисија за спречување на корупцијата.

Покрај тоа, во Годишниот извештај за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата во 2005 година, пишува: “Условите за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата се најголем проблем...” За овој проблем Државната комисија за спречување на корупцијата во повеќе наврати се обратила до Владата на Република Македонија која според законот е надлежна за обезбедување на работа на Државната комисија. Но до сега нема никаков позитивен исход. Потоа вели: “Сериозноста на проблемот за соодветен простор бара најитно решавање, имајќи го предвид фактот дека веќе во наредната година членовите на Државната комисија за спречување на корупцијата ќе бидат со професионален статус”. Значи во 2005 година некој член, не само што мислел, туку го поднел тоа во прилог на годишниот извештај овде во работата на Собранието дека членовите на Државната комисија за спречување на корупцијата по сите препораки, по сите критериуми треба да бидат професионалци, а не да бидат луѓе кои од три места ќе добиваат плата и не ќе знаат која работа побрзо да си ја работат. Затоа, не само што тоа го напишале во годишниот извештај, не само што го напишале во Државната програма, го ставиле во матрицата за приоритети, влезено е во Акциониот план за прогресот на Република Македонија кон ЕУ, потврвдено од страна на Европската комисија во Европското партнерство во матрицата за прогресот на активностите и тоа може да се погледне. Тоа е акционен план, Европското партнерство нуди некои акции што ги потврдиле од една страна Република Македонија како заложба, од друга страна Европската комисија го потврдила како позитивен прогрес, нешто што треба да се направи. Но, очигледно сега имаме отстапување и некој за тоа треба да даде конкретно објаснување. Зашто она што сите го пофалија дека е добро, а тоа е професионалниот статус на членовите на Државната комисија за спречување на корупцијата, во 7 дена се менува во решение исто со претходното. Тогаш зошто, се поставува прашањето го носиме законот ако нудиме исто решение. Мандатот е истечен, тој истече негде од прилика 8 ноември, значи нема законот нешто драстично да измени бидејќи Државната комисија самоиницијативно реши да си го продолжи мандатот до крајот или до изборот на нови. Се надевам дека повторно смеам да цитирам нешто што господинот Маневски го кажал. На 3 ноември во Струга на советувањето по повод предлог законот, господинот Маневски ќе каже дека професионализацијата е добра за зајакнување на капацитетите на институциите задолжени за борба против корупцијата. Проблем е што на 3 ноември госпоѓа Тасева мислела поинаку. Госпоѓа Тасева вели: “Не е добро членовите да бидат професионалци бидејќи така се врзуваат за работното место. Тие нема да си дозволат да си ја загрозат работата и егзистенцијата”.

Значи министерот за правда на 3 ноември во Струга, не пред 50, пред 100 луѓе, пред цела јавност рекол дека треба да бидат професионалци. Тоа е министерот за правда. Еден член во заминување на Комисијата за спречување на корупцијата, со затворена организација “Транспарентност” заради низа активности и злоупотреби вели поинаку и Владата го менува мислењето.

Чии заложници сме ние? Владата, чиј заложник е? Дали на “Транспарентност” сме заложници? Ако “Транспарентност” мисли едно, а министерот за правда мисли друго, не е добро Владата да го смени тоа мислење. Не вреди НСДП што мисли поинаку. Јас ова ќе го третирам за гаф додека заменик министерот не се изјасни поинаку,

бидејќи согласно стенограмот тој се залага за професионален состав. Не е добро во очите на јавноста, на граѓаните, кога Владата, под притисок на една организација што си го изгубила реномето и кредибилитетот во очите на јавноста, го менува законот. Тогаш затоа граѓаните се загрижени, без разлика што ние ќе зборуваме тука, вие ќе не надгласате, ќе остане впечаток кај граѓаните дека некој под притисок го променил ова. Дека можеби се работи за политички пазар.

Кај нас е нормално, ова Собрание избра член на Советот за статистика со средно забарско. Добро, сега, статистика, познава број на пациенти, заби. Ама, не е добро во очите на граѓаните, во стекнувањето на доверба на институциите да ги менуваме законите под притисок на невладини организации, под притисок на некои сили или не знам што уште не.

Затоа, ќе се заложам да дискутираме за амандманите што ги подготвуваме, мислам дека се веќе донесени и, согласно амандманот на Владата, каде се менува член 48 односно професионалниот состав, имаме право да поднесуваме амандмани.

Покрај тоа, во Законот, има некои нелогичности или дилеми што се отворени. Дел ги отвори парламентарното мнозинство преку еден друг пратеник, а тоа е анкетните листови да се доставуваат и на ВЕБ страниците.

Кога ова Собрание во минатиот состав донесе Декларација, се направи една политичка волја што е клучен, тоа по сите критериуми сите го кажуваат, политичката волја е клучна во решавањето и во борбата против корупцијата, парламентарното мнозинство, слушајќи ја или читајќи ја или во духот на таа Декларација ги објави имотите на ВЕБ страницата, а за жал тоа во тој момент не го направи опозицијата. Долго време и на прес полемизиравме дали некаде на ВЕБ страницата и со господинот Ѓорчев и со приватни разговори со други пратеници се убедувавме каде на ВЕБ страницата на ВМРО-ДПМНЕ се наоѓа имотната состојба на господинот Груевски, за што долго сме дебатирале.

(Дофрлање од место).

Добро, добро, сме дебатирале. Реков јас. За Китановски имало, тоа знам. Зборувам за господинот Груевски.

**Љубиша Георгиевски:** Без дијалози ве молам.

**Јани Макрадули:** Па тие ме прашуваат господине претседателе. Морам да одговорам во духот на транспарентноста и отвореноста.

**Љубиша Георгиевски:** Нив ги предупредувам, не вас господине Макрадули.

**Јани Макрадули:** Затоа, да го оставиме на страна тоа што пратениците од ВМРО-ДПМНЕ го знаат дека на денот на изборот на новата Влада пред нивните столови се наоѓаа анкетните листови на носителите на листите на СДС. Тоа го знаете сите. Тоа треба да го знае и јавноста и без разлика што еден пратеник од ВМРО-ДМНЕ, мене ми е комшија, знае и каде живеам и што правам, мораше да чита во анкетниот лист што пишува, па кој како ми позајмил пари и тн. и тн. Тоа нема сега да се случи. Но, мислам дека одиме во погрешна насока.

Ако сакаме да ја цениме политичката волја, да дадеме шанса политичките партии да се изјаснат дали сакаат или не, или дали секој политичар сака да ја објави својата имотна состојба, па граѓаните ќе оценат дали некој сака да прикрива, или некој пратеник, некој политичар сака транспарентно да ја објави својата имотна состојба.

Уште една работа мислам дека е проблематична во овој Предлог-закон. Во членот 36, постојните членови на Државната комисија продолжуваат да ја вршат функцијата до изборот на нови членови, согласно овој закон. Ако ова се однесува и на идниот состав, тогаш нема логика да се дава мандат. Можеби консталацијата во идниот парламентарен состав ќе биде таква да повторно ВМРО-ДПМНЕ биде во позиција, па потоа одредена групација да не сака да избере членови, односно тие истите да продолжат да работат.

Доколку се дефинира мандатот од пет или четири години, тој мора да биде фиксен. Така мислам. Тука нема некои преодни или завршни одредби што ќе бајпасираат некоја неажурност или пак некоја занесеност по други работи. Не. Ако мандатот трае пет години, тој мандат мораме и да го почитуваме.

На крајот, останува дилемата зошто парламентарното мнозинство или Владата на Груевски, Џафер и Петковски се решила да го промени професионалниот состав, зошто ги тргнала високите критериуми за проблематиката од која што треба да потекнуваат членовите на Државната комисија за спречување на корупцијата и на крајот, оптоварени со тоа што во некои медиуми, за жал се споменуваат и некои имиња, веќе се лицитира за луѓе кои ќе ја предводат Комисијата за спречување на корупцијата.

Според нас, според СДСМ, лошо е кога се лицитираат имиња со петгодишен мандат што и во минатото биле претседатели на Комисијата за антикорупција во ВМРО-ДПМНЕ. Во политичката борба како позиција, госпдинот Влатко Ѓорчев ќе каже на една прес конференција, цитирам:

“Антикорупциската комисија во едногодишното дејствување покажала пристрасност и зависност од власта особено спрема СДСМ. Во цел свет опозицијата ја контролира власта, а во случајот на Антикорупциската комисија, власта ја контролира власта. Тоа може да се види од составот на Комисиајта, каде што од седум члена само еден е предлог на опозицијата”.

Ова за Маневски, поради тоа што шепотевте нешто помеѓу вас. Тие што се постари пратеници знаат дека во Комисијата, како договор, господинот Маневски дојде на предлог на ВМРО-ДПМНЕ. Од тоа нема бегање.

“Би требало четири члена да предлага опозицијата, а тројца од власта”. Цитирам дека

ова го вели Влатко Ѓорчев како портпарол на ВМРО-ДПМНЕ. Се надевам господине Ѓорчев ќе истраете во ова и кога ќе дојдат предлозите, нема ниту Ѓорѓи Наумов, ниту Боев да ги изберете, бивши министри во Владата на ВМРО-ДПМНЕ, туку ќе останете на заложбите четири члена да предлага опозицијата а тројца власта. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Има збор претставникот на Владата.

**Сашо Василевски:** Благодарам.

Почитуван пратеник Макрадули,

Очигледно користејќи го делот на професионалност и непрофесионалност на членовите на Комисијата се обиде индиректно да покаже и да се загрижи за владината коалиција. И тоа можам да го сфатам, затоа што времето е кратко, што се се случувало во неговата партија, очигледно сакал нешто да префрли во владината коалиција.

Еве вака, господине Макрадули, тоа не е точно владината коалиција експресно, сосема солидно и без никаков проблем ја обавува својата функција.

Како второ, немате потреба да го барате ниту господинот Тито Петковски, ниту пак да сметате дека ми бил лапсус тоа што сум го кажал во краткото образложение.

Сега, околу делот на професионалноста и непрофесионалноста на членовите на Комисијата.

При утврдувањето на содржината на амандманот се имаше во предвид членот 6 од Конвенцијата на ОН против корупцијата усвоена во текот на 2003 година, потпишана од страна на Република Македонија, се наоѓа во собраниска процедура.

Имено, членот 6, дозволете ми да го прочитам, вели вака:

"Орган или органи за превенција на корупцијата, секоја држава страна обезбедува, во согласност со основните принципи на нејзиниот правен систем, постоење на еден или повеќе органи, според потребата,овластени за превенција на корупцијата на следните начини:

а)примена на политиките предвидени во членот 5 на оваа Конвенција и ако е потребно контрола и координација на таа примена. Зголемување и ширење на знаењата во однос на превенцијата на корупцијата.

б)секоја држава страна им доверува на органите, на органот или органите предвидени во ставот ж на овој член потребна независност во согласност со основните принципи на нејзиниот правен систем, за да им овозможи ефикасно вршење на нивните функции, заштитени од било какви прекумерни влијанија. Треба да им бидат обезбедени материјални извори и потреби, специјализирани лица како и обука која на тие лица им е потребна за вршење на нивните функции".

Повторувам уште еднаш овој став е на Владата на Република Македонија а не на господинот Михајло Маневски. Благодрам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Има цел список за реплики.

Прво, има збор Јани Макрадули, три минути реплика, повелете.

**Јани Макрадули:** Господине Василевски, со повеќегодишното членство во СДС мислев дека ќе изразите респект малку кон СДС и тој дел со невкусната констатација за тоа што се случува во партијата ќе ја избегнете. Тоа зборува дека сте направиле вистински избор и сте отишле од СДС.

Инаку, да ве цитирам што рековте вие: "Имајќи ги предвид искуствата од досегашното функционирање на Комисијата, како и интенциите за обезбедување на што повисок степен на независност на ова тело, се оцени за опортуно членовите на Комисијата и во следниот состав да ја извршуваат без професионален статус".

Е па сега сфатете го како сакате.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Вељановски Трајко бара збор или реплика? Збор.

Спасовски Оливер, збор или реплика? Збор.

Анастасовски Иван, збор или реплика?

Реплика, повелете. Имате три минути.

**Иван Анастасовски:** Реплика на мојот добар поранешен пријател Јани Макрадули. Многу ми е жал што мора вака да комуницираме јас и Макрадули, односно реплики на говорот на Јани, меѓутоа, некоректно е секогаш во неговите говори да користи едни исти фрази. Еве, Петковски не е тука, ред други. Исто како сега јас да кажам еве Радмила не е тука, таа му даде налог на Миле Зечевиќ и не знам во тој контекс. Искрено, не сакам јас и Јани вака да си реплицираме еден на друг. Меѓутоа, навистина го поддржувам во она што мене ме прозва, што е сосема оправдано. 2004 година кога разговаравме за измените на овој закон, од овде, точно од оваа говорница се залагав за професионализација на Комисијата.

Денеска пак стојам тука и повторно сакам да проговорам на мојот добар пријател, да комуницирам преку реплики, дека и денеска останува на тој став. Меѓутоа од мојата дискусија тој не прочита уште една работа што исто така ја кажав од овде, дека се залагам, по примерот на Романија, можеби и тоа може да биде, бидејќи Комисијата кај нас само превенира, нема поголеми надлежности, има само функција да превенира, се залагам и за тоа да биде Комисија во склоп на Собранието, по примерот на Романија, што ќе брои повеќе членови, а секогаш ќе ја води пратеник на опозицијата. Тој тоа не го рече, само првиот дел од моето залагање во дискусијата што ја имав по однос на измените тогаш и еве, од овде сакам, го гледам да му одговорам, ќе дадам поддршка на амандманите што ќе одат во таа насока.

Уште еднаш ќе повторам, жал ми е што мораме на овој начин да комуницираме. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Јани Макрадули контра реплика, една минута, повелете.

**Јани Макрадули:** Господине Анастасовски,

Јас секогаш ќе користам една фраза, што за жал, гледам дека ви пречи, но знам дека им пречи на многу членови на НСДП и тоа е факт. Но, оваа Влада е на Груевски, Петковски и Џафери. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Строго правно и формално, ова е Влада на премиерот на Владата, имаме дури акт.

(Смеење во салата).

Оваа Влада е на Груевски, вие можете да се смеете колку сакате. Но, ако мислите на Република Македонија, тоа е смешно, тоа се подразбира. Ние овде сите дишеме воздух, земете збор и откривајте топла вода. Тоа е друга работа. Вие друго мислите. Вие мислите друго. Знаеме што мислите. Нема да се оствари.

Добро, Димовски Илија, збор.

Ѓорчев Владимир, реплика, 3 минути повелете.

**Владимир Ѓорчев:** Благодарам претседателе.

Само неколку зборови. Макрадули друг пат кога ќе дискутира за некои работи ќе треба многу подобро да се подготви и, навистина, во дилема сум дали да се реплицира или не. Можеби е предизвик да се реплицира на потпретседател на најголема опозициона партија, но од друга страна кога сето тоа ќе биде без содржина и дискусија од десетина минути, од која што неможе да се извади 20 секунди субстанца, човек веќе се доведува во прашање дали некому да реплицира за што и дали има потреба од дискусија.

Единствено би спомнал само некои аспекти од Антикорупциската комисија, што и самиот ги кажа. Тоа е она што боли, што е можеби интересно. Бројот на станови, имот, како е создаван, како е плаќан, како се правени залозите и тн. Веројатно таму е личната засегнатгост од она што го правеше Антикорупциската комисија.

Во поглед на кажаното не би навлегувал многу. Едноставно, дискусија што беше бледа, неубедлива и аргументирана, немаше спротивставувања на она што во моментов го имаме како предлог.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Јани Макрадули, контра реплика, една минута.

**Јани Макрадули:** Благодарам претседателе.

Можеби била бледа, можеби била неаргументирана, без содржина или 20 секунди е тешко да се извлечат, но господине Ѓорчев вие на прес конференција кога сте биле во опозиција сте рекле дека би требало четири члена да предлага опозицијата, а три власта. Вие може да ги навредувате сите пратеници околу вас, но тоа е факт. Тоа ќе го најдете во сите печатени медиуми, тоа што сте го кажале тогаш кога сте биле во опозиција. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Грковска Славица реплика.

Реплика имате на заменик министерот, повелете имате три минути.

**Славица Грковска:** Лично бев испровоцирана затоа што денеска се доведовме во ситуација еден претставник на Владата, заменик на министер во Владата да заштитува претседател на една политичка партија, односно на партијата од која што доаѓа. Се доведовме во ситуација претставник на Владата, наместо да биде претставник на Владата на Република Македонија, да се сведе на претставник на политичка партија, во овој случај на НСДП што е дел од парламентарното мнозинство, односно од владеачкото мнозинство, што не би смеело да се случи.

Ако одам во контекс на вашата забелешка претседателе, зборуваме за Влада на Република Македонија без разлика каков е нашиот став за политичките партии што партиципираат во таа Влада. Зборуваме за пратеници во овој Парламент, без разлика на која политичка партија тие припаѓаат, тие се пратеници во Собранието на Република Македонија. Би требало ставовите да ги искажуваат согласно интересите на Република Македонија, без разлика на која политичка партија припаѓаат и да ги штитат интересите на граѓаните на Република Македонија.

Меѓутоа, тоа што е спорно во останатиот дел од излагањето на заменик министерот е тоа што за нас повторно остана нејасно за што се залага заменик министерот односно Владата, дали за професионализација на Комисијата или пак не како што тоа го направи Владата во дополнителните амандмани. Значи јас експлицитно барам од заменик министерот, бидејќи создаде комплетна конфузија во неговото излагање а потоа и во дополнителното излагање, експлицитно да одговори дали како претставник на Владата смета дека Комисијата за борба против корупцијата треба да биде професионална или не. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Реплика за пратеникот Иван Стоиљковиќ.

**Иван Стоиљковиќ:** Благодарам господине претседателе.

Јас би сакал само кратка интервенција во делот на излагањето на господинот заменик министер, затоа што сметам дека е важна дилемата дали членовите на Комисијата треба да бидат професионалци или не - јас имам дискусија и во текот на расправата ќе се јавам за збор и ќе го образложам тоа - меѓутоа, би сакал само да му посочам на заменикот министер една многу важна работа. Постојат држави каде што нема државни комисии за спречување на корупција и криминал и од тој аспект прочитаниот текст со одредена меѓународна препорака е сосема невалиден за денешната расправа. Она што мислам дека посебно треба да се инсистира или посебно да се размислува кога станува збор за Државната комисија за спречување на корупцијата, тоа е дали таа го оправдала своето постоење во изминатиот период или не и дали согласно одговорот на ова прашање, што за мене е сосема

неспорен дека Државната комисија за спречување на корупцијата не го оправдала своето досегашно постоење, дали во натамошниот период треба да се размислува за укинување на Државната комисија за спречување на корупцијата, затоа што во Република Македонија надлежни органи за борбата против корупцијата и криминалот се органите на државната власт во Република Македонија, а невладините организации, јавноста, медиумите и истакнатите интелектуалци се задолжени, по силата на нивната вокација, да прават амбиент за борбата против корупција и криминал. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Сега има збор пратеникот Цветанка Иванова.

**Цветанка Иванова:** Ви благодарам господине претседателе.

Јас би сакала да ги искажам моите мислења околу целата оваа процедура, начинот на кој се донесува законот и секако текстот на законот. Сакам да го искажам моето мислење.

Прво, почитуван господине претседателе и заменик министер, јас сум навистина изненадена од процедурата која што ја избра Владата да го донесе овој закон, односно од процедурата која што ја избра за да пристапи кон изменување и дополнување на еден ваков сериозен закон. Замислете, се донесува во време кога сите сме гласни дека ќе се бориме против организираниот криминал и корупцијата, Владата се решава да донесува измени на овој закон, кои се однесуваат на статусот на членовите, на оние луѓе кои се повикани да бидат совест и око во борбата против корупцијата, значи во една постапка, и тоа скратена постапка, дури и со скратени рокови, да пристапи кон изменување и дополнување на овој закон.

Зошто според мое мислење Владата се определила во една ваква постапка да го донесе законот?

Затоа што согласно одредбите од Деловникот, кога се донесува законот во скратена постапка со скратени рокови, пратениците имаат право да поднесуваат амандмани 24 часа пред отпочнувањето на самата седница.

Почитуван господине претседател и почитувани колеги пратеници, ако се има предвид дека Предлогот за изменување и дополнување на овој закон ние пратениците го добивме кој во петок вечер кој во сабота, ако се има предвид дека рокот истекува во понеделник во 11,00 часот, мислам дека нема потреба да се образложува зошто Владата избрала на ваков начин и во ваква постапка да се донесе овој закон. Јасно е, за да не се поднесуваат амандмани. И навистина, ние ги искажавме нашите предлози - еве јас како член на Законодавно-правната комисија немав можност, немам време, истечени ми се роковите за да поднесам амандмани, јас ги искажав моите забелешки не во форма на амандман, затоа што и Комисијата немаше веќе право да поднесува амандмани, туку во форма на забелешки, сметајќи дека навистина сите ние овде гласно кои зборуваме дека сме за борба против криминалот, Владата или предлагачот ќе размисли за овие забелешки, бидејќи сите беа во функција на подобрување на текстот и за ефикасна борба против криминалот. Ќе размисли за овие забелешки и подоцна овие мои забелешки ќе ги преточи, барем дел од нив кои држат место, во амандмани.

Но, почитувани колеги, свесни сте дека сето ова не се случи. Но се случи нешто друго. Се случи да се менува целосно начинот, постапката и траењето на мандатот на членовите на ова тело, на оваа Комисија со амандмани поднесени од Владата во отпочнувањето на седницата.

Почитувани колеги, имаме проблем и затоа предлагам, бидејќи се работи за сериозен закон, бидејќи се работи за статусот на телото кое е едно од надлежните тела за борба против криминалот, да ги ислушате нашите забелешки и да го вратите овој закон во фаза на Предлог за донесување на закон за измени и дополнувања, значи во прва фаза, затоа што сметам дека ваков закон треба да се донесува со општ консензус, затоа што ние 2002 година не формиравме комисија за да биде ставена “под капата” на партијата, за биде ставена “под капата” на една политичка провиниенција, туку ја формиравме Комисијата со широк консензус, слушајќи ги мислењата и на тогашната опозиција направивме ваква Комисија и се надевам дека ја постигнавме целта, по полека треба понатаму да одиме кон унапредување на овие решенија во насока на осамостојување, независност и ефикасност на ова тело.

Сега што ни се случува? Ни се случува следното: имаме предложено Предлог на закон со решенија, членовите на Комисијата да имаат едни мандат од 5 години, други мандат од 4 години и тоа е добро; да се избираат од страна на Собранието по пад на конкурс и тоа е добро; да им трае мандатот како што реков и да се избира претседател на оваа Комисија за мандат од 5 години, за да подоцна откако веќе се излицитира по медиумите со можни решенија, односно можни кандидати за членови на ова тело, веднаш да добиеме нови амандмани каде што се враќаат дури и поназадни решенија од решенијата кои се содржани во основниот текст на законот. Така сега имаме состојба да се избираат членови на Комисијата за мандат од 5 години и претседателот, замислете, да има мандат од 5 години. Што значи тоа? Тоа значи дека ова парламентарно мнозинство не сака да имаме независно тело за борба против криминалот, туку со менување, користејќи го своето мнозинство овде во Собранието, на овие решенија во законот, да си обезбеди свое тело кое ќе се бори селективно против криминалот и корупција. Вака почитувани колеги ниту ќе можеме да добиеме позитивни мислења од Европската комисија, ниту пак заради нас ќе обезбедиме ефикасна борба против криминалот.

Почитувани колеги, ние дел од пратениците од СДСМ нема да го поддржиме овој закон, но ќе го

поддржиме ако евентуално ги прифатите амандманите кои сега ви беа разделени. Со амандманите кои ние ги предлагаме се оди во насока на уште поголема ефикасност и независност на ова тело, што впрочем беше и основната цел заради која што го формиравме.

Бараме, значи уште еднаш апелираме, овој закон да се донесува во две фази, да подразмислиме малку или пак ако одлучите сега да се донесе овој закон бараме членовите на комисијата да имаат мандат како во решението што беше содржано во Предлогот за донесување на закон. Тоа значи дел од членовите на Комисијата да имаат мандат од 5 години заради препокривање на мандатот на парламентарните мнозинства и заради континуитет - не случајно се избрани овие решенија и секако, да речам како правило на однесување - и дел од членовите да имаат мандат од 4 години, со тоа што за да обезбедиме независност на ова тело, ама навистина независност на ова тело, овие членови би требало да се избираат со 2/3 мнозинство во Собранието. Се друго поинаку ќе значи дека овие членови ќе бидат членови или оваа комисија ќе биде антикорупциска комисија на позицијата, односно на Владата.

Понатаму, бараме и дел од пратениците на СДСМ, а тогаш скоро сите пратеници од опозицијата бараа професионално да си ја извршуваат функцијата член на оваа комисија. Не знма што е она што влијаело на измена на мислењето сега и кај министерот како предлагач и кај пратениците и воопшто кај ВМРО-ДПМНЕ. Дали тоа е барањето на лицата на кои ќе им понудат да бидат членови на антикорупциската комисија?
Почитувани колеги, кој може подобро да ја врши функцијата? Тој што седи и професионално ја обавува функцијата и работи само на тоа, или тој што волонтерски се бави со вршење на оваа работа? Впрочем, сеуште не е донесен законот за судир на интереси, меѓутоа, само еден пример ќе кажам. Ако бидам избрана за член на оваа комисија, ќе тргнам од мене, и јас сум адвокат, до 15,00 часот ќе застапувам пред судовите дела и тоа кривични, а после 15,00 часот ќе изигрувам ревносен борец против корупцијата. Како ќе гледаат на мене независните судии при застапувањето како адвокат и член на антокорупциската комисија, од една страна и како на некој адвокат што ќе биде од другата страна. Овие аргументи и тогаш кога го изменувавме законот во 2004 година ги кажувавме, сега продолжувам во тој контекст.

Навистина треба да се размисли околу ова. Не знам ни што влијаеше да се смени мислењето на министерот, затоа што навистина имам извадоци од дневни весници и до 9-ти ноември оваа година постојано повторувал дека професионално треба да се врши оваа функција заради, прво, ефикасно да се врши работата и второ, за да се биде независен. Значи таму ќе се работи, ќе нема судир на интереси. Судирот на интереси претставува основа за корупција. Ако имате судир на интереси кај членовите, кој тогаш ќе се бори против корупцијата?

Понатаму, бараме, покрај тоа што претседателот ќе го избира самата комисија, претседателот да има ротационен мандат. Што значи тоа? Тоа значи ако ние уште при основањето на комисијата сме се определиле за еден ваков мандат, зошто сега после 4-5 години од функционирањето на оваа комисија го враќаме решението назад. Значи наместо ротационен мандат, значи претседателот да се избира секоја година, вие сега предлагате решение претседателот да се избира за 5 години. Што значи тоа? Порака дека претседателот ние ќе си го избереме за 5 години и така ќе водиме политичка борба?!

Предлагачот не е тука господине претседателе.

**Љубиша Георгиевски:** Сега излезе, но ако сакате да направиме пауза 5 минути.

Давам пауза од 5 минути.

(Пауза од 17,10 до 17,17 часот).

**Љубиша Георгиевски:** Ги молам пратениците да седнат на своите места, продолжуваме со работа.

Тишина ве молам, продолжуваме со работа.

Повелете госпоѓо Иванова.

**Цветанка Иванова:** Ви благодарам господине претседателе, претставникот на предлагачот очигледно нема кондиција како пратениците да седи овде и да не слуша, бидејќи со прекинот практично го намали значењето на мојот говор треба да ми се извини што прекинавме.

Добро, продолжувам, да се вратам на тоа што ми беше целта.

Прво, барам овој закон да се донесе во две фази. Овде расправаме за решенија кои се однесуваат на статусот на независното тело кое ќе се бори против криминалот, а сите ние сакаме ова тело и позицијата и опозицијата прво да биде ефикасно во оваа борба затоа што од степенот на корупцијата зависи рангирањето на Република Македонија, а ние сме сите тука во Република Македонија без разлика дали сме позиција или опозиција или Владата да ги прифати нашите амандмани кои се во насока на поголема ефикасност и независност на ова тело. Бидејќи основен приоритет на оваа Влада велат дека им била борбата против криминалот, сметам дека овие наши амандмани треба да се прифатат без да се размисли.

Само да кажам дали петгодишен мандат или скалест мандат, кој од овие мандати гарантира поголема независност. Јас мислам дека скалестиот, затоа што ќе имаме континуитет.

Понатаму, со кое мнозинство избрани членовите на ова тело би биле понезависни. Дали со она кое сега го предлага Владата со обично мнозинство или со мнозинството кое го предлагаме ние, а тоа е 2/3 мнозинство. Без размислување може да се констатира дека 2/3 мнозинство е повисок консензус и гарантира поголема независност на ова тело.

Дали ротационоиот мандат на претседателот на комисијата кој и до сега го имавме или постојаниот мандат кој сега го предлага Владата од пет години гарантира поголема независност на ова тело. Сите ќе се согласите дека ротациониот мандат на претседателот на комисијата овозможува поголема независност на ова тело. Впрочем, тоа го видовме од ротациониот мандат на претседателите кои го имаа во претходниот состав во Антикорупциската комсија.

Вие добро знаете дека претседател на ова тело во година на избори, изборна година беше токму сегашниот министер за правда господинот Михајло Маневски. Значи, министерот за правда кој сега е во политичка Влада, министер за правда кој сега го предлага овој закон, неговото министерство е ресорно кој во време на изборна година, а од редовите на тогашната опозиција, а сега власт бил претседател на оваа комисија, сега го враќа решението назад. Сака или оваа власт бара да биде избран претседател еднаш за пет години. Тоа значи ние ќе си го избереме и тој ќе ни игра онака како што ние пет години ќе му кажуваме.

Ви се молам, дајте, ако навистина си посакаме ова тело да биде независно, прифатете го мандатот со кој предлагаме ротационен избор на претседатели на оваа комисија. За професионалното вршење на функцијата член на ова тело, јас мислам дека не треба да се кажува, не треба повеќе аргументи да се образлагаат од причини кои во првиот дел од мојот говор ги кажав.

Уште еднаш ќе ви повторам, не може некој волонтерски поефикасно да ја обавува функцијата отколку професионално. Затоа и за нас пратениците воведовме професионализација на овој мандат затоа што сметаме дека се што не е професионално е волонтерски е помалку ефикасно вршење на работите на функцијата. Сега на Република Македонија најмалку и е потребно тоа.

Уште нешто да ви кажам, слушајќи го експозето на заменикот министер за правда во делот каде вели: “Имено, имајќи ги предвид искуствата од досегашното функционирање на комисијата како интенција за обезбедување на што повисок степен на независност на ова тело, на независност на ова тело, се оцени за опортуно членовите на комисијата и во следниот состав функцијата да ја извршуваат без професионален статус”. Значи, опортуно-се испоставило опортуно да ја извршуваат работата без професионален статус. Јас се израдував, мислев дека во текот на расправата по овој закон ќе стигнат нови амандмани од Владата со кои би го сменила мислењето по овие амандмани и по реакциите на медиумите, на експертите и на нас како пратеници, на лица заинтересирани кои навистина им е многу важно во Република Македонија да почнеме полека да не бидеме корумпирана држава, но одеднаш се работи за лапсус, како што разбрав, за грешка и ништо од ова.

На крајот, почитувани колеги, сакам да ви кажам да не се брза со овој закон. Знам зошто го донесувате набрзина затоа што им е истечен мандатот на членовите на оваа комисија, меѓутоа, мандатот е истечен. Дали за два дена, дали за два месеци, или за две недели, тој е истечен. Значи, имаме вакум и нека ја работат членовите и понатаму оваа работа, помала грашка ќе е отколку да направиме вакви несогледливи тешки последици и повторно да го вратиме назад ова тело од онаа независност што сме му ја дале на стартот, сега да го враќаме назад, ќе ја изгубиме смислата зошто сме го формирале ова тело, затоа што ќе стане партиско. Според решенијата кои ни се нудат за статусот на ова тело не ја постигнуваме целта која сме сакале да ја постигнеме.

На крајот, овој закон има доста технички недостатоци. Дел искажав пред Комисијата, но сега само еден кој не е преточен во амандман, се однесува на членот 48-ѓ од текстот. Овој член се однесува на разрешување на членот на Државната комисија. Таму се наредени три услови за разрешување, еден е ако сам тоа го побара, ако е осуден за кривично делот, мојата колешка Мери кажа да се допрецизира, бидејќи треба да е осуден со правосилна пресуда, ако трајно ја загуби способноста за вршење на функцијата и ставот 2 вели: “Исполнувањето на условите за разрешување од ставот 1 на овој член ги утврдува Државната комисија со мнозинство гласови од вкупниот број и поднесува иницијатива за разрешување...”. Единствен субјект е сама себе да си поднесува барање иницијатива за разрешување. Можете да замислите, единствен субјект сама себе да си покренува иницијатива за разрешување. И многу други.

На крајот да прашам во Деловникот се знае што треба да содржи еден Предлог на закон, најважна е финансиската конструкција, ако немате финансиска конструкција можете да имате најдобар закон, но не може да се спроведе. На последната страница од образложението-финансиски средства, дадено е образложение само кратко напишано дека за спроведување на овој закон се потребни дополнителни средства од 270 илјади и за секоја наредна година по три илјади и не знам колку, тука не се чита, меѓутоа, од каде, како ќе се обезбедуваат овие средства, потребно е да го содржи образложението на законот, а ова не го содржи.

Јас мислам почитуван господине претседателе, почитуван господине заменик министер ова се доволно аргументи кои ги искажав во моето обраќање, во мојот говор или како сакате, апелирам и барам до вас повлечете го законот, односно повлечете го Предлогот на закон затоа што нека оди законот во две фази, ќе подискутираме, ќе подебатираме, се работи за многу важно тело, се работи за тело кое со вакков закон, со вакви решенија нема да добиеме позитивна оценка, од независно тело ќе направиме повторно политичко тело,

политизирано тело, повлечете го Предлогот на закон да се донесе овој закон во две фази, да подебатираме затоа што целта на сите ни е иста Република Македонија да е помалку корумпирана држава затоа што само така ќе стигнеме до Европа. Ви благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Три минути реплика за господинот Стоиљковиќ.

**Иван Стоиљковиќ:** Господине претседателе, благодарам, репликата е на госпоѓа Иванова од многу проста причина што нејзината дискусија и воопшто дискусијата која се отвори во Собранието по оваа точка на дневен ред создаде еден амбиент како во Република Македонија од Државната комисија за спречување на корупцијата да зависи се. Се прави еден фетиш од таа Комисија дека таа има којзнае какви прерогативи и на којзнае колку квалитетен начин да се справи со корупцијата во Република Македонија.

За волја на вистината и реалноста не е така. од проста причина што Државната комисија е само една обична комисија која е тука заради превенција, таа нема инструменти на правна држава кај себе, тие инструменти се во органите на државната власт, пред се на министерствата, Обвинителството и судството и затоа ве молам она што провејува да направиме една, условно кажано, димна завеса, дека борбата за корупцијата и криминалот во Република Македонија зависи од Државната комисија. Тоа не е точно и со овој став треба да излеземе што почесто во јавноста. Нема субституција на државните органи во областа на борбата против криминалот и корупцијата.

За пример, во Република Словенија која е членка на Европската унија нема државна комисија за борба против корупцијата и криминалот, напротив, постоеше, па ја укинаа и тоа ја укинаа на еден мошне срамен и смешен начин. Затоа ве молам малку посериозно да пристапиме кон проблемот затоа што уште во времето на формирањето на Државната комисија за борба против корупција и криминал работите тргнаа погрешно и тоа погрешно тргање на работите се одрази и до каде не доведе.

Има уште предлози за други комисии, ми се чини што повеќе комисии, право пропорционално со степенот на корупцијата во државата наместо обратно. Не може никој да ги замени државните органи во борбата против корупцијата и криминалот. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Контра реплика Цветанка Иванова.

**Цветанка Иванова:** Благодарам господине претседателе, ова е демократизација, ние почитуваме различни мислења и внатре во коалицијата и тоа е добро.

Комисијата не е најважна во борбата против корупцијата, но таа со закон ние сме ја направиле тука во Парламентот. Сме се определиле дека ќе имаме едно независно тело кое ќе се бори, ќе биде око, монитор на корупцијата, ќе презема мерки, согласно законот и надлежностите кои се утврдени со законот.

Тогаш кажавме дека ова тело ќе биде независно. Ако сме кажале ќе бидеме доследни. Мора да биде независно, но овие решенија не обезбедуваат независност на ова тело.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Збор има господинот Рафис Алити. Повелете.

**Рафис Алити:** Благодарам,

Јас уште на почетокот ќе кажам дека и во Комисијата за политички систем, ние пратениците од коалицијата ДУИ и ПДП дадовме свои сугестии, забелешки за тоа зошто законот се донесува со забрзана постапка, затоа што сме мислеле и мислиме дека би било добро овој Предлог закон да се донесе со редовна постапка.

Меѓутоа, се случува тоа што оваа Влада не размислува и многу закони кои што се значајни се настојува да се донесат со забрзана постапка и со ова всушност, не и помагаме на нашат цел, значи целта да се бориме против корупцијата. Ние треба да бидеме искрени дека и пред да се основа оваа Комисија за борба против корупцијата, во минатиот период сме имале некои дилеми, дали да биде професионална, или не итн. Сме имале дилеми од причина што сме биле свесни дека основањето на оваа Комисија за борба против корупцијата сме биле спремни дека не можеме да се бориме против корупцијата и изминатите 4 години и сега се докажува дека ние сме една од најкорумпираните држави во Европа, бидејќи се рангираме некаде на крајот на листата, или на дното на листата . Велам дека сме имале дилеми и навистина имаме и понатаму дилеми дека со овие предлог измени што се предлагаат ќе се помогне да се објави навистина војна на корупцијата. Корупцијата би рекол дека е рак рана, која што тешко се лекува, рак рана на едно општество и посебно на една држава, како што е нашата. Затоа, велам дека повторно тие дилеми се кај нас присутни. Јас ќе почнам со членот 48-а, се ограничува мандатот на членовите на Комисијата, некои да имаат мандат од 4 години, а некои помалку. Мислам дека не е добро, поради тоа ќе беше добро еден член од оваа Комисија да има барем 5 годишен мандат, а се разбира некој со 5 години, некој со 4 години, не се рамноправни и не се дава можност на рамноправен начин да се борат против корупцијата, со самиот факт што некој има мандат од 5 години, а некој од 4 години. Зошто мислам дека треба да имаат мандат од 7 години, тоа ќе го образложам малку подоцна, меѓутоа, истовремено имаме забелешки на членот 48-б каде се предвидува што треба да има завршено. Значи, еден член на Комисијата за борба против корупцијата, се предвидува да бидат или правници, или економисти. Меѓутоа, ние треба да бидеме свесни и да бидеме искрени да кажеме дека корупвијата е во сите сфери на животот во нашето општество. Што значи мислам дека овој член треба да претрпи измени и да им се даде можност и на другите поединци, кои што навистина во текот на својот живот во областа,

или пак во професијата која што ја вршат, или образованието кое што го имаат завршено, се докажале и покажале вистински авторитет и да им се даде можност и на инженерите, или пак лекарите, меѓутоа и тие што завршиле во социјалната свера образование, да можат да бидат членови на оваа Комисија.

Зошто го велам ова? Од причина што, моите убедувања се дека само правниците и економистите не можат да се борат против корупцијата. Доколку некој е убеден дека само правниците и економистите можат да се борат против корупцијата, тогаш се поставува друга теза дека само правниците и економистите биле корумпирани, затоа што тие најдобро ја познаваат оваа област и ги знаат тие моменти кога се прави корупција. И така, со ова ограничување што го правиме ние ги ставаме во незавидна позиција , токму во областа на правото или економијата. Значи тие што биле правници, судии, економисти итн.

Токму поради тоа, јас мислам дека треба да претрпи измени овој член од причина што, уште еднаш ќе нагласам, не се корумпирани само економистите и правниците, туку се корумпирани, или корупцијата ја имаме во сите сфери и области на животот, поаѓајќи од образованието, здравството и да не говорам и за други државни институции итн. Значи изборот да биде поширок навистина од лица кои што се докажале во својот живот и изградиле еден авторитет во својата околина и во општеството и тие навистина ќе може да ги избереме како членови на Комисијата за борба против корупцијата.

Исто така и членот 48-г треба да претрпи измени, бидејќи во Законот кој што го изгласавме пред 4 години имавме опција со која претседателот на Комисијата беше со едногодишен мандат, што значи им се даваше можност на сите членови на Комисијата да бидат во улога на претседавач на таа Комисија и навистина, да го дадат својот придонес. Истовремено, барем јас тогаш така сум размислувал и денес така мислам да остане тој модел, затоа што, само по себе на некој од Комисијата што му се дава можност да биде и претседател на Комисијата му се дава можност да ги контролира неговите претходници, тие што биле претседатели на Комисијата. Не треба многу да се има памет и да се каже дека таму внатре во Комисијата, има корупција и кокетираат со тие што се корумпирани, сигурно дека ќе имавме поостра борба во минатото од страна на оваа Комисија.

Затоа, мислам дека и овој член треба да претрпи измени и јас на Комисијата за политички систем предложив да се додаде уште еден член, после членот 48-г, каде што ќе се каже дека членовите на Комисијата за борба против корупцијата, истите нема да имаат право да бидат изврани, или пак именувани во извршната власт во текот на нивниот мандат. Зошто мислам така, сега ќе образложам. Затоа што ние сме сведоци дека го имаме случајот кога еден поранешен член, или пак поранешен претседател на таа Комисија , сега е веќе министер за правда. Ми се псотавува прашање зошто токму оваа Влада се определи тој член на оваа Комисија да биде министер. Кај мене сигурно има големи дилеми, меѓутоа и граѓаните со кои што сум се сретнал изразиле свои сомнежи за тоа, дали тој се наградува за работата што ја извршил и што ја вршел кон мандатарот Груевски, кој што сега го именува за министер за правда. Се знае дека имаше една афера за становите и оваа Комисија не успеа до крај да ја расветли таа афера за становите. Сигурно дека дилемите и сомневањата кај нас постојат и ќе постојат во оваа насока.

Се поставува уште едно прашање. Доколку во идната Влада ние не го ограничиме тоа членовите на Комисијата да немаат право да бидат именувани во извршната власт, ќе ни се случи 4 или 5 члена од истата Комисија кои што се свесни дека не можат да бидат избрани на оваа позиција ќе кокетираат со оние кои што во иднина ќе победат на изборите, бидејќи и тие се луѓе и имаат потреба и понатаму некој заради кариера да му служи некому, за да добие некоја позиција.

Токму поради ова, мислам дека треба мандатот на членовите на Комисијата за борба против корупцијата да биде 7 години, навистина тие да имаат некоја комоција и да можат да се борат против корупцијата. Во спротивно, доколку овој Предлог закон, или пак овие измени поминат вака како што се, или пак како што ќе поминат, затоа што не гледам дека мнозинството има на ум да го врати законот во прва фаза, да ги дадеме своите забелешки така како што е во ред, тогаш сигурно дека нема да ја постигнеме нашата цел и оние кои што вчера како членови на Комисијата за борба против корупцијата служеле на една Влада, или пак на еден политички лидер, независно од тоа што сега е во опозиција или е во позиција и овие што ќе ги избереме ќе бидат принудени да ја вршат истата работа, а ние што ги гласаме законите како пратеници било на мнозинството, или пак опозицијата, ќе се ставиме во служба, или пак ќе бидеме слуги на оние кои што се корумпираат, бидејќи многу пати во јавноста постоеле дилеми за тоа дали пратениците се корумпирани, или пак извршната власт е корумпирана, или пак државната администрација итн, токму овие се тие моменти кога ние како пратеници треба да ја покажеме нашата смелост, дека не сме во служба на оние кои што се корумпираат. Затоа што јавна тајна е дека тие што имаат високи позиции и функции во извршната власт, секогаш имаат и големи можности се разбира, да бидат корумпирани.

Затоа, јас уште ендаш барам овој Предлог закон по можност да се врати во редовна постапка да може да ги дадеме нашите забелешки, така како што треба да се дадат. Се разбира, потоа да извршиме и некаква контрола врз таа Комисија за борба против корупцијата. И така од претходните говорници беше кажано дека мандатот на членовите на Комисијата за борба против корупцијата е истечен, така што нема потреба да брзаме. Доколку брзаме, мислам дека тогаш

навистина, нашите цели, или пак намери не се да се бориме против корупцијата, туку нашите намери се да именуваме лица кои што се лојални кон оваа или онаа партија или кон онаа или оваа Влада, или пак кон некој министер и со ова всушност, ние нема да се бориме против корипцијата, туку напротив ние ќе ја помагаме корупцијата, бидејќи, тоа ќе го нагласам уште еднаш судиите имаат право да бидат членови на оваа Комисија, или пак правниците. Јас многу жалам, меѓутоа, токму за нашите судови сето тоа што ни доаѓа како извештај од Европската Унија од НАТО итн, сугерира дека токму во судовите треба да има реформи. Токму тие кои што се внатре во судовите се корумпирани, додека ние уште еднаш ја помагаме таа поврзаност. Значи, судови, Комисија за борба против корупцијата, затоа што тие стануваат членови на истата и со овој концепт помагаме тие утре да можат да бидат и министри итн, што навистина никогаш некој член кој што навистина сака да се бори против корупцијата во оваа Комисија да не му се даде можност да ја помогне истата. Затоа, уште еднаш ќе апелирам по можност да се повлече овој Предлог закон , или пак Владата да интервенира амандмански, амандмани кои би биле прифатени за сите нас, за да може навистина овој закон да се донесе со еден поширок консензус. Ова го велам затоа што вака како што е изготвен со овие предлог измени, ние како парламентарна група и коалиција ДУИ-ПДП нема да го поддржиме овој Предлог закон. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Збор има Борис Кондарко.

**Борис Кондарко:** Благодарам почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници,

Наместо денеска кога треба да дискутираме и да ги донесеме измените на Законот за спречување на корупција, да дебатираме сите заеднички во правец на тоа како да ја подобриме борбата и ефикасноста на институциите против корупцијата, посебно говорам за опозицијата, бидејќи на собраниските комисии во претходната расправа го поддржавме и гласавме за овие измени на Законот, сега после амандманите на Владата и посебно после оној дел за укинување, односно враќањето назад и укинувањето на професионалноста на членовите на оваа институција опозицијата или СДСМ поточно нема да ги поддржи овие измени на Законот.

Значи, сега наместо како опозиција да бидеме конструктивни да и помогнеме на Владата, да и дадеме поддршка и да ја пофалиме Владата дека отишла чекор напред и создала услови за борба против корупцијата, сега ние повторно губиме време и за жал, Република Македонија губи време и ја враќа дебатата назад за нешто што веќе е апсолвирано и што пред неколку месеци имаше општ политички концензус во јавноста, секаков друг консензус дека треба да се оди кон професионализација на оваа Комисија. Мислам дека и во периодот на владеење на ВМРО-ДПМНЕ во 1998 година и сега во 2006 има една нишка или константа , не знам како да ја наречам што асоцира на партизација на институциите во Република Македонија, или синони. Мислам дека на ваков начин се создава можност не за зголемување на самостојноста и независноста на институциите, туку напротив како што реков за партизација, по пат на згрижување, или наградување на партиски кадри. Мислам дека ова влече на помислата и на опасноста и на стравувањето од селективен пристап во борбата против корупцијата, одколку на одење на чекор напред во оваа борба.

Сметам дека наместо да се зајакне одговорноста од ваквото решение Владата ја зајакнува непрофесионалноста. Сметам дека нема чекор напред во борбата против корупцијата доколку стоиме во место. Ова е стоење во место, да не речам враќање назад на старо решение, бидејќи како што реков, имаше општ консензус во јавноста во Република Македонија, дека треба да одиме на професионализација. Како тука ќе ја обезбедиме независноста на членовите на ова тело за кое сите се залагаме. Меѓутоа, изгледа едно зборуваме, а друго правиме. Тоа на дело го покажува Владата на ВМРО-ДПМНЕ, а да не зборуваме за судирот на интереси кои се присутни и со ова нема да се елиминираат. За судирот на интереси зборувам за членовите оваа Комисија.

Имам впечаток дека оваа Влада, ќе кажам примери и за други закони, можеби тоа е пример за Законот за празниците за кои допрва ќе дискутираме. Всушност, на мала врата преку измени на некои закони навидум се сака да се постигне нешто, меѓутоа, всушност, позадината е сосема нешто друго, или целта е сосема нешто друго.

И, што е уште потрагично говориме неколку пати опозицијата овде опоменуваше за грубо прекршување на Деловникот. Ќе се согласам, овде не станува збор за прекршување на Деловникот. Регуларна е формално деловничката процедура, меѓутоа уште нешто пострашно или погрубо се случува. Ова е злоупотреба на Деловникот. Мислам дека не треба таков пристап на мала врата да има мнозинството, затоа што со тоа се спречува не дебатата само во Собранието, туку и дебатата во медиумите и во јавноста. Власта, мислам дека сака на овој начин со ваков не упад, препад да ја спречи дебатата во јавноста. Ако власта е уверена дека овие решенија се добри, зошто тогаш не отвори една поширока јавна дебата и да ги објасни своите ставови, да ги одбрани, прво, во јавноста и на крајот овде да се создаде еден таков амбиент и во Парламентот. А, можеби и ние како опозиција ќе ги подржиме таквите решенија.

Сето ова мене ме потсеќа на една дефиниција од некои минати времиња, која говореше дека поредокот или правото е волја на владеачката класа издигната на степен на закон. Мислам дека една ваква дефиниција добро би се налепила сега на оваа владеачка гарнитура. Ова го

говорам, затоа што нема без сериозност и стабилност на институциите во нашата држава нема напредок во државата. Затоа, и мандатот на вакви институции се прави да биде различен или да биде во расчекор од оној  мандат што е определен за еден парламентарен состав. Значи, за да нема партизирање, поистоветување, партиско влијание на оној што во моментот е на валст. И тоа е лошо. Владата, за жал, го одбра тој пристап и не може овој пат да смета на нашата поддршка.

Извештаите односно последниот Извештај на Европската унија токму говореше за недостатокот, не само на дијалог, туку во поширока смисла и дебата за вакви сериозни работи од интерес на државата во Република Македонија. Значи, во последен момент, во минута до дванаесет се прави ваков неупад, затоа што формално деловнички е се во ред, меѓутоа, препад, се избегнува дебатата во јавноста, се избегнуваат и се сака да се сведе на неколку изјави, на неколку говори наши овде на опозицијата и спротивставување во Парламентот и после сето тоа за еден или два дена со неколку натписи во медиумите да се обиде власта да се оди на картата на кратко паметење, да се помине преку тоа или да се заборави. Можеби, тоа ќе се заборави, меѓутоа, остануваат трајни последици во функционирањето на институциите на системот на Република Македонија.

Ако главната поента на сегашната власт во изборната кампања беше акцентот на борбата против корупцијата и зајакнувањето на институциите за борбата против корупцијата, сега имаме сосема обратна ситуација. Значи, тоа било флоскула и едно ефтино предизборно ветување, кое пали кај ушите на гласачите. Мислам дека не сме одговорни воопшто како политичари, без разлика дали сме ја добиле или не власта така да се однесуваме во јавноста со граѓаните. Мислам дека поминаа тие времиња и добро е да го намалиме обемот на ветување или на нереални ветувања и да се задржиме за она што можеме и треба што им го должиме на гласачите кои не гласале да го исполниме.

Ако зборовите на мандатарот Груевски при составувањето, предлагањето на составот на новата Влада беа дека сегашниот министер за правда и претходниот претседател на Антикорупциската комисија, господинот Маневски, ќе биде односно ќе се претвори од независен експерт и прв антикорупционер во една независна институција, доби партиска и политичка функција, зборовите на господинот Груевски беа дека како министер за правда треба да ја заврши работата што ја започна во Антикорупциската комисија, што сега господинот Маневски како министер за правда чиј предлог на Министерството за овие измени го дискутираме, што сега господинот Маневски ќе остави во наследство на идните антикорупционери. Значи, сметам дека, дали тоа ќе биде подобар или полош амбиент за новата Антикорупциска комисија и за борба против криминалот и корупцијата.

Не сакам да помислам, ако тргнеме на овој начин дека всушност се создаваат услови од името антикорупциска, се бришат зборовите анти и останат зборовите корупциска комисија. Затоа што, на овој начин самите си ги девалвираме и деградираме институциите, затоа што се губи довербата во нив. Не можеме на ваков начин да градиме доверба во институциите и за жал не се согласувам со некои дискусии кои што беа кажани денес во оваа дебата дека државните органи се само оние кои ги имаат законските овластувања во соодветна процедура да се гони криминалот и да се открива корупцијата. Токму оваа комисија, не само што треба да го има ореолот да биде совест на државата или на случувањата во државата за откривање на корупцијата, туку напротив, треба да ги контролира или да биде некоја супервизија и токму на самите државни институции за да не ја злоупотребат моќта што им ја дава позицијата и власта, за токму да ги контролира и да биде совест на нивната работа. На самите државни институции, кои сами треба по силата на законот имаат ингиренции да ја откриваат корупцијата и да се борат против криминалот.

Од сите наведени причини СДСМ нема да даде подршка на овој закон и на овие измени на Законот и ќе ги користиме сите институционални можности и сите форуми да говориме на оваа тема и да вршиме демократски притисок, работата на ваквите институции како Антикорупциската комисија се унапредува и да се зајакнува нивната улога, а не како сега што го прави власта. Дали можеби власта сака да ја девалвира намерно работата за да нема голем авторитет оваа Комисија и власта да има поголем простор. Тоа се само шпекулации и сомневања кои ќе се појават од ваквиот потег на власта. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Овде е време да прекинеме.

Репликата, пријавете се таму каде што се пријавува за реплика.

Утре започнуваме во 11,00 часот со репликата на господин Грозданов.

Благодарам за денеска.

(Седницата прекина со работа во 18,01 часот)